ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2024 ГОДИНА НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2025 03 02/1

Скопје, декември 2025 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за одбрана на сметката на основниот буџет (637) за 2024 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2024 година изразивме неповолно мислење во однос на реалноста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Министерството за одбрана за 2022 година. Изразено е неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките, дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2022 година презентирани во Прилог број 1 кон овој Извештај, при што утврдивме дека од дадените 13 препораки, една препорака е спроведена, две се делумно спроведени, додека 10 препораки не се спроведени.

Со извршената ревизија на Министерство за одбрана ги утврдивме следниве состојби:

- не се преземени мерки и активности за евидентирање на постојаните средства, нивните извори во материјалната и финансиската евиденција и нивно прикажување во финансиските извештаи согласно дадените препораки со претходни ревизии;
- не е воспоставена финансиска евиденција на набавката и трошењето на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивните извори поради што истите не се прикажуваат во финансиските извештаи;
- не се надминати слабостите во начинот на спроведување на пописот на средствата поради што и понатаму не е извршено усогласување на сметководствената и материјалната евиденција со фактичката состојба;
- за побарувања за дадени аванси по основ на царини и даноци за увоз на опрема и делови, не е обезбеден доказ дека набавените делови се примени;
- обврските кон добавувачите не се целосно прикажани во финансиските извештаи;
- исплатени се надоместоци предвидени со Колективниот договор на Министерство за одбрана без уредни сметководствени документи;
- постојат недоследности во ангажирањето на лица со договор на дело;
- не е регулиран начинот за рефундирање на средства кои Министерство за одбрана ги плаќа во име на други државни органи за користење на услуги за Постојаната делегација на Република Северна Македонија во НАТО;

- отсуствува акт за исплата на парични награди на вработените лица во Министерство за одбрана и во Армијата и
- утврдени се неправилности во спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализација на склучените договори.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот Нагласување на прашања истакнуваме за:

- потребата од ревидирање на законитоста на постапката за донесување на Колективниот договор на Министерство за одбрана и преиспитување на висината на утврдените надоместоци;
- причините за големиот износ средства што се исплаќаат по извршни исправи од судски постапки иницирани од вработени лица за неисплатени надоместоци утврдени со Колективниот договор;
- потребата од преземање на активности од страна на Министерство за одбрана и Армијата и во соработка со Служба за општи и заеднички работи на Влада за обезбедување на документација со што набавените пумпи за вода во 2016 година за санирање на штети предизвикани со поплави во с. Стајковци целосно би се преотстапиле на Министерството за одбрана;
- потребата од координација и соработка помеѓу Министерство за одбрана и надлежни органи за преземање на активности за регулирање на престојот на странските студенти од Воена академија во државата;
- забрзување на постапките за донесување на Предлог измени и дополнувања на Закон за пожарникарство до Владата и
- обезбедување на целокупна документација за недвижниот имот купен за сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел.

Во делот кој се однесува на внатрешните контроли известуваме за слабости во воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање и во процесот на пресметка и евиденција на платите во МО и Армијата.

Во текот на ревизијата од страна на Министерството за одбрана извршени се сметководствени корекции по дадените препораки од Државниот завод за ревизија кои предизвикуваат промени во финансиските извештаи.

Од страна на министерот на Министерството за одбрана и законскиот застапник за периодот предмет на ревизија, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека најголем дел претставуваат известувања за преземени активности или активности кои ќе се преземат во идниот период. Дел од забелешките не се прифатени од причина што не се доставени нови докази за промена на утврдените состојби.

# С О Д Р Ж И Н А


| | Опис | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи | 6 |
| 4. | Нагласување на прашања | 18 |
| 5. | Законска основа за ревизијата и временски период | 24 |
| 6. | Опфат и ограничувања | 24 |
| 7. | Одговорност за финансиски извештаи | 24 |
| 8. | Одговорност на ревизорите | 25 |
| 9. | Недостатоци во внатрешната контрола | 26 |
| 10. | Корекции во текот на ревизијата | 30 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 30 |

Финансиски извештаи за 2024
Биланс на приходи и расходи 32
Биланс на состојба 33
Преглед на промени на извори на капиталните средства 34

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
Вовед 35
Основни сметководствени политики 38
Образложенија кон финансиските извештаи 39

Прилог 1 - Спроведени препораки по Конечен извештај на ОДР за финансиските извештаи за 2022 година
Прилог 2 - Преглед на исплатен паричен надоместок на вработените во МО и Армијата
Прилог 3 - Преглед на спроведени јавни набавки со несразмерни услови за докажување на економска и финансиска состојба
Прилог 4 - Преглед за повеќе исплатени средства при реализација на договори за јавни набавки за работи без измени на договори
Прилог 5 - Компаративна анализа на утврдени надоместоци со закони и колективен договор во МО
Прилог 6 - Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор
Прилог 7 - Одговор на забелешки на Нацрт извештајот

## Список на кратенки

| | |
|---|---|
| ГШ | Генералштаб на Армијата |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |
| ЗРО | Закон за работните односи |
| Колективен договор | Колективен договор на Министерството за одбрана |
| МИОА | Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија |
| МО | Министерство за одбрана на Република Северна Македонија |
| МФ | Министерство за финансии на Република Северна Македонија |
| НАТО | Северно-атлантска договорна организација |
| ФПИОСМ | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-102/19
Дата: 11.12.2025

## 1. Вовед

Министерството за одбрана на Република Северна Македонија е орган на државната управа, задолжено за вршење на функциите на државната управа, утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа[1], кој ги врши работите кои се однесуваат на остварувањето на системот на одбраната на независноста и територијалниот интегритет на Република Северна Македонија, планирањето, организацијата, опремувањето, развојот и подготвувањето на Армијата на Република Северна Македонија и спроведувањето на утврдените планови, организирањето и подготвувањето за одбрана, организирањето и спроведување на обуката за одбрана, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

Министерството за одбрана е надлежно и одговорно за ефективно функционирање на националниот одбранбен систем, сеопфатна поддршка на Армијата на Република Северна Македонија, стратегиско одбранбено планирање, ефикасно управување со одбранбените ресурси, развој на воените способности за спроведување на одбранбените мисии, меѓународна одбранбена соработка, интеграција во НАТО, учество во Европската безбедносна и одбранбена политика и континуиран придонес во меѓународни операции.

[1] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 110/19 и 121/24

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 32 до 34 на Министерството за одбрана, на сметката на основен буџет (637), за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за одбрана за 2024 година на сметката на основен буџет (637) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1., финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за одбрана на ден 31 декември 2024 година на сметката на основен буџет (637), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи Министерство за одбрана, за 2024 година, на сметката на основен буџет (637) не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. Во Конечните ревизорски извештаи на Овластениот државен ревизор за извршени ревизии на МО за 2011, 2013, 2017 и 2022 година ревизијата континуирано низ годините констатира исти состојби во однос на вреднувањето и евидентирањето на постојаните средства, залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, искажувањето на обврските, како и начинот на спроведување на пописот. Наведената состојба укажува на тоа дека одговорните лица на МО повеќе од 10 години не преземаат активности за спроведување на препораките содржани во Конечните извештаи на овластениот државен ревизор што влијае на точноста и објективноста на податоците презентирани во финансиските извештаи и на транспарентно и отчетно управување со јавните средства. Имено со извршената ревизија утврдивме дека:

- Не се преземени мерки и активности за целосно утврдување на вредноста на постојаните средства и нивните извори; евидентирање на постојаните средства во материјалната и финансиската евиденција и прикажување на постојаните средства и нивните извори во финансиските извештаи на МО поради што:
    - постојаните средства имаат сегашна вредност од 1.422.999.880 илјади денари, која состојбата е непроменета и идентична со состојбата од 1999 година и тоа: земјиште во износ од 12.139.398 илјади денари, шуми износ од 232.500 илјади денари, градежни објекти во износ од 1.410.613.557 илјади денари и опрема во износ од 14.425 илјади денари;
    - и покрај воспоставена Евидентна книга на недвижни ствари како материјална евиденција, која содржи податоци од имотните листи (површина, локација, намена и слично), истата не содржи утврдени вредности за секоја парцела односно за секој објект. Во прилог на ова е фактот што во период од 2018-2024 година преку потпрограма 5Б - Изградба и реконструкција на објекти и инфраструктура реализирани се средства во износ од 1.112.714 илјади денари, кои не се прикажани како зголемување на вредноста на недвижните ствари и нивните извори, односно прикажани се само како капитални расходи. Со ваквиот начин на евидентирање не се врши зголемување на вредноста на земјиштето и зградите и нивните извори што има за ефект МО да не располага со комплетни податоци за имотот кој го користи и е сопственост на државата;
    - МО не располага со интегрирани, целосни податоци за опремата. При тоа имајќи предвид дека станува збор за стратешка опрема, односно вооружување и опрема за копнената војска, военото воздухопловство, опрема за потребите на логистиката, како и борбени, неборбени и лесни возила, не е воспоставена нејзина финансиска евиденција и

истата во материјалната евиденција се евидентира само количински. Како резултата на ова, набавката и модернизација на разна опрема преку потпрограмите ВА-Интеграција во НАТО и 1А–Модернизација на Министерството за периодот од 2018 до 2024 година, реализирани се средства во вкупен износ од 8.690.034 илјади денари за кој износ не е извршено зголемување на вредноста на опремата и нивните извори во Билансот на состојба и истите исто така се прикажани само како капитални расходи.

Во месец мај 2022 година, беа започнати активности за утврдување на вредноста на средствата набавени во последните пет години, по што ревизијата даде препорака одговорните лица во МО да продолжат со активности за целосно софтверско евидентирање на материјалните средства и залихи со вредносни параметри во надградениот модул за материјално работење. Утврдивме дека активностите не се реализирани поради што состојбата е непроменета;

- Не се преземени активности и мерки за усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар во сметководствената евиденција и нивно целосно евидентирање со вредносни параметри во материјалната и финансиската евиденција и нивните извори и нивно прикажување во финансиските извештаи. За потрошените средства во текот на 2024 година во вкупен износ од 532.060 илјади денари за материјали, резервни делови и ситен инвентар наменети за униформи за Армијата, прехранбени продукти, лекови и медицински материјали, материјали за поправки и одржување, ситен инвентар, резервни делови и други материјали, МО нема искажано податоци за вредноста на набавките, движењето на залихата, ниту податоци за вредноста на нивната залиха во Билансот на состојба на крајот на година;
- со увид во пописниот материјал од пописот за 2024 година ревизијата утврди дека не се преземени мерки и активности за спроведување на пописот согласно член 31 став 1 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници поради што податоците во пописните листи и понатаму содржат само количински показатели, но не и парични вредности, што се должи на невоспоставена финансиска сметководствена евиденција на постојаните средства и залихите. Како и во претходните години во Извештајот од Централната пописна комисија за спроведениот попис, истакнати се бројни забелешки, кои сеуште не се надминати и се однесуваат на нецелосно извршен попис кај дел од организационите единици на МО, не обновени реверси за издадени материјално-технички средства, кусоци на средства за кои не е поведена постапка за утврдување на одговорност или постапки кои сеуште се во тек и кои се започнати во претходни години, непреземени активности за расходување на застарени

и неупотребливи средства.

Утврдените состојби не се во согласност со член 4 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[2], и член 3 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници[3] каде е уредено дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата.

Наведената состојба влијае на реалното прикажување на податоците за постојаните средства, залихите и нивните извори во деловните книги и во финансиските извештаи на МО. Во исто време, слабостите во пописот го намалуваат квалитетот на финансиските извештаи и податоците кои ги даваат и истите не претставуваат веродостојна и квалитетна информација за донесување на соодветни, навремени и квалитетни одлуки.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за:

- целосно утврдување на вредноста на постојаните средства, нивно евидентирање во материјалната и финансиската евиденција и прикажување на финансиските извештаи;
- усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите во сметководствената евиденција;
- целосно евидентирање на залихите со вредносни параметри во материјалната и финансиската евиденција и нивно прикажување во финансиските извештаи;
- податоците во пописните листи покрај натурални вредности да содржат и парични показатели;
- постапување по забелешките утврдени со Извештајот од спроведениот попис на средствата, обврските и побарувањата.

3.1.2. За увоз на опрема и резервни делови за специјални моторни возила за плаќање на царини и даноци исплатени се средства во износ од 134.450 илјади денари и истите подолго време се искажани како побарувања за дадени аванси. Ова се должи на несоодветната комуникација меѓу секторите во Армијата и МО, поради што одделението за сметководство не располага со релевантна поткрепувачка документација (царински декларации, материјални листи, записници од извршениот прием) како доказ дека за извршените плаќања, постои документација со која ќе се потврди дека набавените делови и опрема се примени во соодветните единици во Армијата.

[2] „Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/05, 24/11 , 145/15 и 170/17
[3] „Службен весник на Република Македонија" број 28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 14 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално проценување на позициите во финансиските извештаи на МО.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за сите трансакции да се обезбеди релевантна поткрепувачка документација.

3.1.3. Од извршениот увид во помошните книги за влезни фактури и сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека во месец јануари 2025 година примени се фактури кои се однесуваат на примени стоки и извршени услуги во текот на 2024 година во вкупна вредност од 55.781 илјади денари. Обврските кои произлегуваат од овие сметководствени документи не се евидентирани како обврски во соодветниот пресметковен период што не е во согласност со член 7 став 2 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој сите податоци во деловните книги мора да бидат целосни и комплетирани, навремени, ажурирани и да бидат презентирани хронолошки, поради што обврските се проценети за 46% помалку. Неевидентирањето на обврските во пресметковниот период во кои истите се настанати влијае на реалното и објективно прикажување на билансните позиции во Билансот на состојба.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за ажурно и навремено евидентирање на обврските во моментот кога истите се преземаат/настануваат.

## 3.2. Основ за неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Новиот Колективен договор на МО[4] со кој се уредуваат, односно доуредуваат правата и обврските од работен однос на вработените во МО и Армијата, од една страна и Министерството како работодавец од друга страна, како и условите и начинот на остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос, е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија на ден 14.02.2024 година. Состојбите во однос на законитоста на постапката на донесување, одобрување и објавување на Колективниот договор се обелоденети во точката 4.1. - Нагласување на прашања во овој Извештај. Имајќи ги во предвид наведените состојби во

[4] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 36/2024 од 14.02.2024 година

точката 4.2. од Извештајот, од страната на МО преземени се одредени активности и исплатени се средства во износ од 67.124 илјади денари кои произлегуваат од наведениот колективен договор при што ги утврдивме следниве состојби:

- со член 84 од Колективниот договор пропишано е дека работодавачот е должен да обезбеди организирана исхрана– ручек на вработените, за што во периодот од април до октомври 2024 година, согласно договор со избран економски оператор исплатени се 147.301 илјади денари, а поради неисполнување на договорените обврски од страна на економскиот оператор, договорот е раскинат. Во декември 2024 година, заради натамошно обезбедување на вработените во МО и Армијата со исхрана, за месеците октомври и ноември, исплатени се средства во износ 36.816 илјади денари[5] за кои исплати утврдивме дека одговорното лице на МО нема донесено правен акт (решение, одлука) што не е во согласност со член 95 став 4 од Законот за вработените во Министерството за одбрана[6] каде е уредено дека решение за утврдување на плата и надоместоци на плата донесува министерот или од него овластено лице. Документот „Наредба за исплата" потпишан од раководителот на секторот за финансии е без архивски број и датум, што не е во согласност со точка 1 во делот Работењето во деловодството на МО од интерниот акт „Процедури за работа на Одделението за менаџмент со документ и архивска граѓа во Секторот К4 – ИКТ" каде е уредено дека заведувањето на актите се врши во деловодството на МО по приемот на актите. Истакнуваме дека во јануари 2025 година, еден месец по исплата на средствата, од страна на министерот донесено е решение[7] за утврдување на надомест на трошоци за исхрана за вработените во МО, Воена академија и Армијата со кое ретроактивно е опфатен и периодот октомври-ноември 2024 година;
- правото на надоместок за превоз на вработените во МО и Армијата е уредено со член 90 од Колективниот договор кој овозможува доколку МО нема обезбедено организиран превоз, на вработено лице да му се исплати надоместок на трошоци за превоз од местото на живеење до неговото работно место и во обратна насока, а доколку МО има обезбедено организиран превоз, се исплаќа надоместок од местото на живеење до местото на почетната станица на организираниот превоз. Надоместоците се утврдуваат во висина на трошоците за најевтино превозно средство во јавниот сообраќај, доколку далечината од местото на живеење до одредишната точка на организиран превоз, е поголема

[5] месечни трошоци за исхрана во висина од 15% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката исплатена во претходната година, сразмерно за деновите поминати на работа
[6] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/2024
[7] број 04-381/2 од 30.01.2025 година

од 2,5 километри. Со увид во документацијата за исплата на превоз на вработените во МО и Армијата утврдивме дека:

- на ден 23.12.2024 година исплатен е износ од 30.308 илјади денари за сите вработени лица во МО и Армијата, ретроактивно за период од февруари до декември 2024 година. Исплатата е извршена по образец „Наредба за исплата” без архивски број и дата, потпишана од раководителот на Сектор за финансии, што не е во согласност со точка 1 во делот Работењето во деловодството на МО од претходно наведената Процедура и нецелосна пропратна документација;
- не постои пропишан акт за утврдување на правото за надоместокот за превоз. За воениот и цивилниот персонал на Армијата правото се уредува согласно Правилник[8], додека за правото на вработените во МО одлучува непосредно претпоставениот раководител на сектор/директорат, без при тоа да биде дефинирана постапката и документација за докажување на основаноста на ова право. Во отсуство на пропишан акт за регулирање на начинот на утврдување на правото на надоместок за превоз на вработените во МО, дел од донесените решенијата се повикуваат на претходниот Правилник со кој се регулираат наведените права само за вработените во Армијата.

  Утврдивме дека на дел од вработените лица кои во текот на 2024 година биле отсутни од државата поради школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во странство извршени се исплати за надоместок за превоз во вкупен износ од 88 илјади денари.

  Кон забелешките по Нацрт извештајот доставена е нацрт верзија на „Упатство за пропишување на начинот на исплата и утврдување на висината на надоместокот за трошокот за превоз на вработените во Министерството за одбрана” за надминување на утврдените состојби.

Исплатените надоместоци без потврдени сметководствени документи не е во согласност со 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи, што создава ризик од ненаменско и незаконско користење на средствата од буџетот на МО.

[8] Правилникот за начинот на исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Северна Македонија број 01-1582/1 од 15.03.2021 година и број 01-1562/1 од 28.03.2024 година.

Согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија[9], цивилниот и воениот персонал во Армијата редовно го остваруваа правото на надомест на трошоци за храна и превоз, додека вработените во Министерството овие права ги стекнаа со донесувањето на новиот Закон за вработените во Министерството за одбрана[6].

Препорака

Одговорното лице на МО да продолжи со започнатите активности за донесување на интерни акти и процедури за уредување на постапката и утврдување на потребната документација за докажување на правото во сите организациони единици на МО и Армијата со утврдување на лица, обврски и одговорности во однос на потврдување, документирање и навремена исплата на надоместокот за превоз.

3.2.2. Утврдивме дека во текот на 2024 година исплатени се средства во износ од 931.608 илјади денари без да биде обезбедена соодветна поткрепувачка документација. Исплатите се извршени кон:

- Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст - ФПИОСМ) за надоместоци по основ на исплата на пензија и придонес за здравство. За исплатените 257.703 илјади денари приложени се месечни дописи од ФПИОСМ со барање за исплата, кои не се архивски заверени и не содржат податоци за број и лица (име, презиме, матичен број), период за кој се однесуваат придонесите за потврдување на правниот основ и висината на наведените исплати;
- вработени во МО по основ на извршни исправи. За исплатените средства во износ од 673.905 илјади денари не е обезбеден веродостоен сметководствен документ: прилог на извршна исправа, налози за извршување и друга правна документација за потврдување на исплатите. За секоја присилна наплата Секторот на финансии доставува барање до Секторот за правни работи[10] за обезбедување на наведената документација, но истата повратно не се доставува.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, член 12 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници кои пропишуваат дека внесувањето на податоците во деловните книги на

[9] „Службен весник на Република Македонија” бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24

[10] Со Правилникот за внатрешна организација на Министерство за одбрана број 01-370/1 од 23.12. 2024 година, секторот е организиран како Директорат за правни работи

буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Ваквите состојби придонесуваат за ненаменско користење на буџетските средства од страна на МО.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности:

- за усогласување на евиденциите на ФПИОСМ и МО за надоместоци по основ на исплата на пензија и придонес за здравство,
- за сите трансакции да се обезбеди релевантна поткрепувачка документација.

3.2.3. Во текот на 2024 година, по основ на 57 случени договори на дело за кои согласно Законот за трансформација во редовен работен однос[11] МФ има дадено согласност, исплатени се средства во вкупен износ од 9.615 илјади денари. Со увид во доставената документација ги утврдивме следниве состојби:

- дел од договорите се склучени со лица за извршување на работни задачи предвидени со актот за систематизација;
- дел од договорите се однесуваат за давање на советодавни и/или консултантски услуги од разни области: протоколарни работи за организирање на настани во кабинетот на министер или заменик министер;
- дел од договорите не содржат одредби со конкретно дефиниран опис на работните задачи што ангажираното лице треба да ги извршува (административно технички работи и задачи, координација и асистирање во управување со човечки ресурси, помошно технички работи и слично).

За извршената работа се исплаќа месечен износ од 20 до 60 илјади денари. Иако во сите склучени договори утврдена е обврска ангажираното лице до 5-ти во тековниот месец да доставува извештај за извршените работни активности, утврдивме дека најголем дел од лицата не доставуваат извештај, а од доставените извештаи не може да се потврди извршувањето на работните задачи.

Ваквиот начин на ангажирање на лица со договор на дело не е во согласност со член 21 од Закон за вработените во јавниот сектор[12], член 252 од Законот за работните односи и член 619 од Законот за облигационите односи, согласно кои работодавачот може да склучи договор поради вршење на работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, а кои имаат за предмет самостојна

[11] „Службен весник на Република Македонија" број 20/15 и 44/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 3/25

[12] „Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19, 14/20, 208/24)

изработка или поправка на определени предмети, самостојно извршување на определена физичка или интелектуална работа, што доведува до субјективност при одлучувањето за ангажирање на лицата и предизвикува можност од ненаменско и неекономично користење на буџетските средства.
Истакнуваме дека во текот на 2025 година МО има склучено 11 договори на дело, од кои четири (4) договори на дело до денот на вршење на ревизијата се во важност.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности

- потребите од вработувања за работните места предвидени со актот за систематизација да се реализираат согласно одредбите од Закон за вработените во јавниот сектор и Законот за вработените во Министерството за одбрана и
- ангажирањето на лицата со договор на дело да биде за работи предвидени со Законот за облигационите односи.

3.2.4. Во февруари 2024 година потпишан е Меморандум за разбирање на Техничкиот аранжман (01 јануари 2020 -31 декември 2029)[13] помеѓу Република Северна Македонија претставувана од МО и NATO Communications and informations Agency (NCI Agency SSTA)- НАКИ, кој е основ за потпишување на годишни пакети за сервисна поддршка.

Во 2024 година, од страна на МО и НАКИ потпишан е Договор за пакет сервисни услуги за Постојаната делегација на Република Северна Македонија во НАТО[14] кој се однесуваат за провизија за услуги за комуникациско-информациско-сервисни услуги - КИС услуги, кои ги нуди за различни потреби на Република Северна Македонија. Договорот е склучен за 3 (три) одделни Пакети за сервисна поддршка за 2024 година, од кои еден се однесува за Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО, во Брисел, а корисници се повеќе институции: МО и Армијата, Министерството за надворешни работи, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Агенција за национална безбедност, Агенција за разузнавање и Центар за управување со кризи. Пакетот вклучува техничка поддршка и пристап до мрежи и инфраструктура, кориснички профили, гласовни и видео врски и услуги, услуги од конференциски соби, телефони, ТВ услуги, пристап до принтери, скенери, копири, лиценци, таблети и одржување на истите за Делегацијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на точка 3 од Договорот, за 2024 година обврските за овие услуги изнесуваат 32.662 евра, а се плаќаат според утврдена динамика, за кои МО

[13] бр. 13/2-841/1 од 08.02.2024 година (NCIA-COO-2023-01286-SSP 2024 MKD DEL NHQ 497)
[14] (SSP) бр. 13/2-841/1 од 08.02.2024 година

како овластен орган од Република Северна Македонија има обврска да ги исплаќа во целост.

На ревизијата не и беше доставена документација за начинот за регулирање и рефундирање на средствата со другите корисници на овие услуги.

Утврдивме дека Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации должи 16.358 евра и го известува МО дека нема да ги подмири и идните трошоци, се додека Министерството за финансии не обезбеди средства за оваа намена.

Воспоставениот начин на обезбедување и плаќање на услугите од НАКИ без редовно партиципирање на останатите правни субјекти создава ризик од ненаменско користење на средствата од буџетот на МО.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за регулирање на начинот на рефундирање на средствата што МО ги плаќа за потребите на другите институции.

3.2.5. Во текот на 2024 година, МО има извршено исплати на парични награди на редовно вработени и лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања во МО и вработени во Армијата како цивилен и воен персонал во вкупен износ од 8.403 илјади денари согласно решенија од 2023 година и 2024 година (Прилог 2) заради посебно ангажирање, лично залагање и квалитетно извршување на доверените задачи, во насока на остварување на стратешките цели на МО кои поединечни парични награди се движат во интервал од 6 илјади до 46 илјади денари.

Правото на паричен надоместок на вработените во МО и Армијата заради покажани резултати, иницијативност и особено залагање во извршување на доверените задачи, е предвидено со член 98 од Колективниот договор на МО од 2019 година, односно член 94 од Колективниот договор од 2024 година. Со истите членови, предвидено е начинот на следење на постигнатите резултати, доставување на предлози и начинот на доделување на парична награда, друг вид на материјална или нематеријална награда и стимулативна мерка на вработените во МО и Армијата да се уреди со правилник. Утврдивме дека до денот на вршење на ревизијата предвидениот правилник не е донесен.

Ваквиот начин на исплата на надоместоци создава ризик од субјективно мерење на постигнатите резултати на вработените како и дискреционо право во одлучувањето при доделување на паричните награди, што влијае на наменското користење на средствата од буџетот на МО.

Во текот на ревизијата бевме известени дека во фаза на подготовка е правилник за начинот на следење на постигнатите резултати, доставување на

предлогот и начинот на доделување на парична награда, друг вид на материјална или нематеријална награда и стимулативна мерка на вработените во Министерството и Армијата.

Кон забелешките по Нацрт извештајот доставена е Нацрт верзија на „Правилник за начинот на следење на постигнатите резултати, доставување на предлогот и начинот на доделување на парична награда, друг вид на материјална и нематеријална награда и стимулативна мерка на вработените во Министерството и Армијата."

Препорака

Одговорното лице на МО да продолжи со започнатите активности и мерки за донесување на потребниот правилник.

Јавни набавки

Со цел уверување во усогласеноста на користењето на средствата на Министерството за одбрана за 2024 година со Законот за јавни набавки[15], извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 39 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2024 година, од кои 18 постапки се спроведени во 2023 година и 21 во 2024 година. Вредноста на склучените договори во ревидираните постапки изнесува 1.345.013 илјади денари со вклучен ДДВ, што опфаќа 74% од вкупната вредност на договорите кои имаат реализација во 2024 година, во вкупен износ од 1.808.440 илјади денари со вклучен ДДВ.

3.2.6. Со цел замена на застарениот телефонски систем на МО и Армијата спроведена е отворена постапка и склучен е договор број 18/3-485/21 од 05.12.2023 година за набавка на нов телефонски систем со вкупна вредност од 94.841 илјади денари, кој договор е исплатен во целост.

Со увид документите за извршен квантитативен и квалитативен прием на опремата утврдиме дека истата е целосно примена, но поради некомпатибилност на постоечката мрежна инфраструктура во објектите на МО и Армијата (застарени свичеви), дел од опремата не е инсталирана и не е ставена во функција.

Од вкупно 2.000 парчиња набавени телефонски уреди, за кои се исплатени средства во износ од 37.110 илјади денари, во функција се ставени само 598 телефонски уреди, додека 70% од вкупните уреди или 1.402 телефони чија

[15] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 24/19 и 14/25

вредност е 25.977 илјади денари не се ставени во употреба, а нивната гаранција истекува во декември 2025 година.

Наведената состојба се должи на нереално проценување на потребите за набавки по видови стоки што не е во согласност со член 75 од ЗЈН, и несоодветно утврдување на предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот во одлуката за јавна набавка што не е во согласност со член 77 од ЗЈН. Исто така со член 12 од склучениот договор предвидено е тестирање на функционалноста на опремата при нејзиниот квалитативен прием, но поради нефункционалност на опремата и дефекти на системот, постои ризик да не се искористат поволностите на гарантниот период како и дополнителни трошоци за сервисирање.

Со Планот за јавни набавки за 2025 година планирана е постапка за јавна набавка на рутери, свичеви и останата мрежна опрема со која телефонските уреди ќе се ставаат во функција.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за целосно ставање во функција на телефонскиот систем во МО и Армијата.

3.2.7. Спроведени се постапки за јавна набавка на работи и склучени се договори за реконструкција, реновирање, доградба, санација на недвижниот имот на МО и Армијата. Со извршениот увид во документацијата од начинот на спроведување на постапките за јавни набавки ги утврдивме следниве состојби:

- за потврдување на економската и финансиската способност на понудувачите, МО во тендерската документација предвидел износ на минимален приход кој економскиот оператор треба да го има остварено во последните три години. Утврдивме дека кај пет (5) постапки за јавни набавки (Прилог 3) предвиден е несразмерен услов да економскиот оператор има минимален годишен приход двојно повеќе од проценетата вредност на набавката, што не е во согласност со член 91 став 3 од ЗЈН;
- кај една спроведена поедноставена отворена постапка[16] утврдивме дека Извештајот од спроведената постапка не содржи доказ дека Комисијата за јавни набавки извршила проверка на комплетноста и валидноста на доставените документи за докажување на способност особено поради фактот што економскиот оператор чија понуда е избрана за најповолна, својата способност ја докажувал со Изјава за

[16] Договор број 18/3-775/13 од 10.11.2023 година за Реконструкција на сидриште "Биљанини извори" во Охрид;

докажување на способноста. Ова не е во согласност со член 49 од ЗЈН и Правилникот за начинот на пополнување, како и формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка[17];

- за набавка на опрема за греење и климатизација на ден 27.12.2023 година донесена е Одлука за јавна набавка во која предметот на набавка е составен од повеќе различни ставки во рамки на еден дел и тоа: ставка 1 - Инвертер клима уреди со капацитет ≥ 3,5 Kw и ставка 2 - Инвертер Клима уреди со капацитет ≥ 5 Kw со што е ограничена конкуренцијата на само еден економски оператор, што не е во согласност со член 78 став 1 и 6 од ЗЈН.

Ваквиот начин на спроведување на постапките за јавни набавки за работи, не обезбедува еднаков третман на економските оператори, конкуренција и сразмерност во однос на дефинирањето и примената на условите, барањата и критериумите, кои мора да се логички поврзани со предметот на набавка.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности:

- предвидените услови во тендерската документација за квалитативен избор да бидат сразмерни на предметот на набавката;
- извештаите од спроведените постапки да содржат доказ за извршена проверка на комплетноста и валидноста на доставените документи за докажување на способност и
- формирањето на предметот на набавка на добра, услуги/работи да го врши на начин на кој нема да ја ограничи конкуренцијата на само еден економски оператор.

3.2.8. Со увид во документацијата за реализација на договорите за работи и анализа на нивната усогласеност со законската регулатива, условите утврдени во тендерската документација како и одредбите од склучените договори, ги утврдивме следниве состојби:

- кај пет (5) постапки за јавни набавки, (Прилог 4), утврдивме дека при изведување на градежните работи утврдени се вишоци во вкупен износ од 7.923 илјади денари кои се исплатени, без склучени анекси, односно измени на договорите, што не е во согласност со член 119 став 1 точка 3 од ЗЈН, со кој е утврдено дека договорот за јавна набавка може да се измени без спроведување нова постапка за јавна набавка доколку промената е потребна поради околности кои договорниот орган не можел да ги предвиди и суштински не се менува природата на договорот;
- една од надлежностите на надзорните инженери вработени во МО, е и изготвување на завршен извештај за извршениот надзор утврдено со

[17] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/19

член 25 од Упатството за носителите, содржината и постапката при планирање и градење на објекти од значење на одбраната[18] како и одредбите од склучените договори за јавни набавки. На ревизијата не и беа приложени извештаи од извршениот надзор над работите на недвижниот имот на Армијата и МО;

- за „Реконструкција и доградба на стражара во ИО Проевце и реконструкција на стражара во Дренов Дол" спроведена е делива постапка и склучени се два договори за работи. Утврдивме дека договорот број 18/3-636/13 од 17.10.2023 година за Дел 1 - Реконструкција и доградба на стражара во ИО Проевце, во вкупен износ од 11.560 илјади денари не е реализиран бидејќи не е добиено одобрение за градење од државниот секретар на МО поради што изведувачот не е воведен во работа. Спроведување на постапка и склучување на договор без претходно обезбедена целокупна документација создава ризик од непредвидени трошоци и надомест на штета поради неисполнување на обврските од договорот.

Наведените состојби го намалуваат степенот на контрола врз квалитетот и обемот на извршените градежни активности и влијаат врз навремено и квалитетно создавање на услови за функционирање на припадниците на Армијата и вработените во МО при извршување на секојдневните задачи.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности:

- за утврдените вишоци при градежните работи да се врши измена на договорите за јавни набавки;
- за изготвување и архивирање на завршни извештаи за извршениот надзор од страна на надзорните инженери;
- обезбедување на целокупната техничка и правна документација (одобрени за градење и сл.) пред пристапување на спроведување на постапки за јавни набавки за работи.

3.2.9. Еден од условите за квалитативен избор на економски оператор во јавните набавки за вршење работи, во рамките на техничка и професионална способност е и докажување на образовните и професионални квалификации на стручниот персонал, особено при ангажирање инженери со овластување А, кои треба да бидат на располагање за целото времетраење на договорот. Со увид во доставената документација утврдивме отстапувања помеѓу

[18] број 17/6-725/1 од 10.05.2010 година и измени и дополнувања број 02-3031 од 24.03.2011 година и број 12-303/2 од 19.09.2011 година

приложената документација за докажување на професионалната способност на ангажираните инженери со фактичката состојба:

- економскиот оператор со кој се склучени два договори во ноември 2023, односно март 2024 година и тоа за „Оградување и адаптација на два магацина (видео надзор, осветлување) во Криви Дол" во вкупна вредност од 26.693 илјади денари и „Санација на СН и НН опрема во трафостаници во касарна (Илинден, Еребино, Прилеп, Петровец и Куманово)" во вредност од 21.131 илјади денари, при поднесување на понудите доставил овластувања А за инженери за изведба, додека времените и завршните ситуации, градежните книги и градежните дневници се оверени со печат и потпис од инженери со овластување Б;
- при реализација на три договори за реконструкција на објекти во касарна Гоце Делчев во Скопје и тоа Дел 1 - Реконструкција на објект бр.55 хол училници и канцеларии и подрум; Дел 2- Реконструкција на објект бр.49 (стражара и дежурана) и Дел 3 - Реновирање на санитарни јазли во објект бр.57, склучени со ист економски оператор во вкупна вредност од 30.886 илјади денари, градежните книги и градежните дневници се потврдени од инженер кој не е вклучен во техничкиот персонал на доставената понуда, нема приложено овластување и не е евидентиран како вработено или ангажирано лице од понудувачот.

Овие состојби не се во согласност со условите предвидени во тендерската документација, создава ризик надзорот да биде извршен од некомпетентни лица, како и ризик од неефикасност на целокупниот систем на интерни контроли.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за ангажирање на инженери со соодветни лиценци и овластувања утврдени во тендерската документација.

3.2.10. Одговорното лице на МО има донесено Решение број 02-1/46 од 23.04.2024 година за организирање и реализација на курсеви за сајбер професионалци со користење на платформата Cycube во вкупен износ од 65.000 американски долари. Со увид во документацијата утврдивме дека во текот на 2024 година, пред започнување на курсот, извршено е авансно плаќање во износ од 32.500 американски долари и покрај тоа што МО нема спроведено соодветна постапка за јавна набавка, ниту пак е склучен договор со правното лице со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски.

Наведената состојба не е во согласност со член 10 став 1 и член 40 став 1 точка а) алинеја 1 од ЗЈН[19], го загрозува начелото на конкуренција и еднаков третман

[19] „Службен весник на Република Македонија" број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 87/21 и 14/25

и недискриминација на економските оператори, создава ризик од правна несигурност на заинтересираните страни и придонесува за незаконско користење на буџетските средства на МО.

Истакнуваме дека поради не постоење на договор, МО го нема исплатено преостанатиот дел за извршената обука, што од своја страна може да предизвика нови судски постапки.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за спроведување на соодветни постапки за јавни набавки на стоки, услуги и работи чии вредности се над вредносните прагови утврдени во наведениот закон.

3.2.11. Одговорното лице на МО има доделено овластувања за потпишување на Одлуки за јавни набавки, Одлуки за избор на најповолна понуда односно поништување на постапки и склучување на договорите со најповолните економски оператори на државниот секретар и на раководното лице на секторот за логистика[20], согласно вредносниот праг на јавната набавка. Утврдивме дека кај најголем дел од одлуките за јавни набавки, одлуките за избор на најповолна понуда како и Изјавата за непостоење на судир на интереси, кои ги потпишува државниот секретар, покрај тоа што имаат негов потпис, истите електронски се потпишани со дигитален сертификат и од страна на министерот за одбрана.

Воспоставениот начин на потпишување не е во согласност со член 8 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[21] и создава ризик од утврдување соодветна одговорност.

Во текот на 2024 година наведната состојба е надмината и државниот секретар покрај своерачен потпис користи и дигитален сертификат за потпишување на документите од постапките за јавни набавки.

Препорака

Овластените лица од страна на одговорното лице да продолжат со потпишување на документите согласно дадените овластувања.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Новиот Колективен договор на МО е потпишан на ден 13.02.2024 година, а е објавен во Службен весник на Република Северна Македонија број 36/2024 од 14.02.2024 година, истиот ден кога се распишани изборите за избор на

[20] од 2025 преименуван во Директорат за аквизиција

[21] Службен весник на Република Северна Македонија број 188/13 и 192/15

пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и избор на Претседател на Република Северна Македонија.

Начинот на преговарање, донесување, регистрација и објавување на колективните договори се уредени со Законот за работни односи[22] како и Правилникот за постапката за доставување и регистрирање на колективните договори и нивните измени до надлежниот државен орган и начинот на водење на евиденцијата на доставените колективни договори и нивните измени[23].

Со член 231 од ЗРО е утврдена обврската за секој колективен договор на ниво на работодавач во рок од 8 дена од неговото склучување и времето за кое е склучен да се достави известување до министерството надлежно за работите од областа на трудот. МО не достави доказ дека Министерството за труд и социјална политика е известено во законскиот рок во времето на регистрирање на колективниот договор, ниту пак дека министерот донел решение за упис во регистарот.

Со член 2 став 2 алинеја 6 од наведениот Правилник, предвидено е кон барањето за регистрирање на колективен договор покрај другото како доказ да се обезбеди согласност од Министерството за финансии за колективните договори од јавниот сектор, кога со договорот се предвидуваат фискални импликации за Буџетот на Република Северна Македонија. Ниту од вработените во МО ниту од Министерството за финансии ни беше обезбеден доказ дека е добиена потребната согласност во времето на регистрирање на Колективниот договор.

Со Одлука од Уставен суд[24] објавена на ден 30.10.2024 година, се укинува член 2 став 2 алинеја 6 од Правилникот, односно повеќе не важи обврската при регистрација на колективните договори да се обезбеди мислење од Министерството за финансии. Истакнуваме дека исплатите на надоместоците кон вработените се извршени по донесување на оваа одлука.

Со новиот колективен договор уредени се поголеми права за сите вработени во МО и Армијата, но и надоместоци кои не се утврдени со други прописи. Видот на надоместоците и нивната висина споредено со законски утврдените надоместоци и Општиот колективен договор за вработените во јавниот сектор се прикажани во Прилог 5.

[22] „Службен весник на Република Македонија" број 62/2005; 3/2006; 3/2006; 44/2006; 66/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 16/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 158/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 52/2012; 13/2013; 25/2013; 54/2013; 170/2013; 187/2013; 34/2014; 106/2014; 113/2014; 145/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 74/2015; 129/2015; 167/2015; 27/2016; 134/2016; 120/2018; и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2019; 90/2020; 267/2020; 151/2021; 288/2021; 111/2023; 93/2024; 93/2024; 39/2025; 74/2025; 124/2025)

[23] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.223/2022,

[24] бр. У.бр.69/2023 и У.бр.70/2023 (20242203860), Службен весник на РСМ, бр. 220 од 30.10.2024 година

Имајќи во предвид дека бројот на вработените во МО и Армијата на 31.12.2024 година изнесува 7.257 лица како и ефектите од точка 4.2., ревизијата укажува на потребата од ревидирање на законитоста на постапката за донесување на наведениот Колективен договор, ревидирање на висината на надоместоците со цел намалување на непродуктивни расходи планирани со буџетот на МО, како и почитување на загарантираното уставно право на вработените за еднаквост пред законите за извршување на исти или слични задачи.

4.2. Неколку години наназад, МО се соочува со голем одлив на буџетски средства по основ на извршни решенија. Најголем дел од извршувањата се по основ на тужби од вработените лица во МО и Армијата поведени во минати години поради неисплатени додатоци на плата за прекувремена работа, работа ноќе, работа во смени, односно турнус, работа на ден на неделен одмор и додаток на плата за работа во празник согласно Колективниот договор од 2019 година, состојба истакната и со извештајот на овластениот државен ревизор од 2022 година.

Во текот на 2024 година по основ на извршни решенија исплатени се средства во вкупен износ од 736.168 илјади денари (637.905 илјади денари од сметката на основен буџет - 637 и 62.263 илјади денари од сметката на основен буџет - 631) и тоа: на име главен долг во износ од 490.600 илјади денари, камата во износ од 90.480 илјади денари и трошоци за извршни исплати во износ од 155.088 илјади денари.

Големиот одлив на средства по овој основ е поради неколку состојби:

- во текот на 2024 година поведени се нови 1221 судски постапки, покрај постапките од претходни години, а кои согласно Законот за парнична постапка не завршиле во законски пропишаниот рок од шест месеци од денот на поднесување на тужбата;
- Секторот за правни работи[25] нема воспоставено единствена евиденција на водени судски постапки со податоци од кого е поведен работниот спор, основот, како и износот на исплатени средства поради што постои ризик несоодветно планирање и обезбедување на средства во буџетот на МО;
- за застапување на МО пред судовите и другите органи и правни лица, Државно правобранителство на Република Северна Македонија има дадено генерално полномошно за застапување на вработени лица во МО. Имајќи го во предвид малиот број на вработени лица во Секторот за правни работи, само мал број лица со положен правосуден испит можат да вршат застапување пред суд;
- списите од надлежните судови поради подолгиот процес на архивирање и доставување, во секторот се доставуваат со задоцнување, исто како и

[25] Со Правилникот за внатрешна организација на Министерство за одбрана број 01-370/1 од 23.12. 2024 година, секторот е организиран како Директорат за правни работи

Државното правобранителство што врши задоцнета достава до МО. Од таа причина вработените не добиваат навремено известување за одржување на судските рочишта или се известени по завршување на рочиштата, а честа е појавата во ист ден да бидат поканети на рочишта во различни градови на кои не може реално да се присуствува;

- како дополнителен проблем што ги одолговлекува судските постапки е и проблемот што ангажираните вештаци немаат пристап до документите во персоналните досиеја за вработените кои имаат поднесено тужба поради нивниот степен на класификација што создава дополнителни трошоци во постапките кои се на терет на МО.

Имајќи предвид дека 155.088 илјади денари, односно 21% од наплатените средства се однесуваат на адвокатски услуги и извршни трошоци, ревизијата ја истакнува потребата МО да преземе мерки за решавање на работните спорови со постапка за медијација или со доброволна исплата со цел намалување на наведените трошоци, особено поради фактот што новиот Колективен договор обезбедува повисоки надоместоци, кои во случај на ненавремена исплата би предизвикале уште поголеми трошоци.

Во текот ревизијата бевме известени дека дел од вработените лица имаат поднесено тужби и по основ на новиот Колективен договор за исплата на надомест за јубилејна награда за непрекината работа во МО и Армијата во период од 10, 15, 20, 30 или 40 години која е во висина од 50-200% од просечната нето плата во Републиката во претходната година.

Истакнуваме дека во текот на 2024 година, 255 лица имаат остварено прекувремена работа од 151 до 327 часа, што е над законски пропишаните 150, односно 380 часа согласно Колективниот договор, за кои се исплатени средства во износ од 17.211 илјади денари. Имајќи во предвид дека со член 117 од Законот за работни односи и член 68 од Колективниот договор на МО е уредено дека покрај додатокот на плата работодавачот е должен да исплати и бонус во висина од една просечна плата во Републиката, укажуваме на одговорните лица во МО да преземат активности за обезбедување средства во Буџетот за да се намали ризикот од исплати по нови извршни судски пресуди.

4.3. Со одлуки на Влада[26] за санирање на штети предизвикани со поплавите во с. Стајковци во 2016 година, Службата за општи и заеднички работи на Владата-СОЗР била задолжена и набавила 865 пумпи за вода и 18 генератори. По завршување на кризната состојба, најголем дел од опремата (792 пумпи) се предадени на користење на Армијата, а помал дел на други општини.

[26] бр. 42-17/46 од 07.08.2016 година и 42-17/60 од 23.08.2016 година

Во текот на ревизијата оствaривме посета на објекти на Армијата и ни беа презентирани на кој начин се сместени и се чуваат околу 250 пумпи, од кои околу 1/4 не се воопшто употребени. При тоа ни беше укажано дека Армијата воопшто не ги води пумпите во својата материјална евиденција поради не обезбедени документи за давање на користење и располагање со истите.

Имајќи ги во предвид големиот број на пумпи и генератори што се предадени на Армијата, големата вредност на набавката (околу 317.000 евра), малиот степен на нивна искористеност, ревизијата укажува на потребата одговорните лица во МО и Армијата да преземат активности и со претставници од СОЗР да ги обезбедат неопходните документи (записници, фактури, преносници) и истата целосно да се евидентира како сопственост на МО, а со цел заштеди на буџетски средства при идни слични настани. Во исто време потребно е надлежните органи на МО да преземат активности за преоценка на потребата од наведената опрема и во соработка со другите надлежни органи да предложи акт за нивно давање на трајно користење на други надлежни органи (Дирекцијата за заштита и спасување, општини).

4.4. За подмирување на неопходните лични потреби на питомците на Воена академија при МО, државјани на Република Црна Гора и Република Босна и Херцеговина за 2024 година исплатени се средства во вкупен износ 2.573 илјади денари. Исплатата на наведените надоместоци не се врши на трансакциски сметки на лицата туку истите се исплаќаат во готово од благајната на Воената академија бидејќи дел од питомците немаат регулиран престој во Република Северна Македонија.

Имајќи ги во предвид одредбите од Законот за странци[27] со кој е пропишано да странските државјани задолжително треба да имаат регулиран законски престој во земјата, ја истакнуваме потребата МО со надлежните институции да воспостават меѓусебна координација и соработка за преземање на активности за регулирање на законскиот престој во државата на странските студенти во Воена академија.

4.5. Со член 2 од Уредбата за Методологија на распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2024 година[28] е утврдено средствата за плати и додатоци на плати, да се исплатат од Министерство за одбрана, Програма А – Децентрализација, Потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа. Во 2024 година од Буџетот на Министерството за функционирање на територијалните противпожарни

[27] „Службен весник на Република Македонија” број 97/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 108/19, 294/21 и 284/23
[28] „Службен весник на Република Северна Македонија” број 292/21

единици за плати на пожарникарите исплатени се наменски дотации во износ од 527.700 илјади денари.

Во Конечниот извештај од извршената ревизија на регуларност за 2022 година на МО, овластениот државен ревизор утврди дека за надминување на проблемите во однос на платите и надоместоците на плати на пожарникарите, одговорното лице на Министерството донело Решение[29] за формирање на меѓуресорска работна група за изработка на Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за пожарникарство, со препорака за продолжување со започнатите активности за изработка на предлог законска регулатива.

Меѓуресорската работна група изработила Нацрт верзија на Методологија за утврдување на исплата на плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во територијалните противпожарни едници, како и измени и дополни на Закон за пожарникарство. Истите не се проследени за понатамошно институционално постапување, односно последна измена на Закон за пожарникарство е од 2019 година (Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19).

До ревизијата беше доставена информација за постапување по предлог-измените која не е архивски заверена и потпишана, поради што ја истакнуваме потребата од интензивирање на активностите од МО и доставување на Предлог законската регулатива до надлежните органи со цел ставање во владина/собраниска процедура за донесување.

4.6. Од страна на Владата, донесена е Одлука[30] за купување на недвижни ствари-деловни простории од Северноатлантската алијанса, во седиштето во Брисел и тоа: во приземјето на долгото крило број 2 на НАТО комплексот, со вкупна бруто површина од 996.37 $m^2$, подрумски простории со површина од 21,33 $m^2$ и 27 паркинг места, за сместување на Мисијата на Република Северна Македонија при НАТО. Согласно Одлуката исплатата во износ од 144.000 илјади денари е извршена со средства од буџетот на МО, додека целокупните активности за купување на имотот биле реализирани преку Министерството за надворешни работи[31]. И покрај тоа што МО се има обратено до МНР со барање на доставување на имотно правна документација за купениот недвижен имот, состојба истакната и во претходниот Конечен ревизорски извештај за 2022 година, до денот на вршење на ревизијата МНР нема доставено документација до МО за купениот деловен простор.

[29] број 02-1419/1 од 04.03.2021 година и измена и дополнување број 02-5175/1 од 21.07.2022 година
[30] број 45-8731/1 од 06.11.2019 година
[31] Со измените и дополнувања во Законот за организација и работа на органите на државната управа „Службен весник на Република Северна Македонија” број 121/24 , Министерството за надворешни работи од 10.06.2024 година продолжува да работи како Министерство за надворешни работи и надворешна трговија

Ревизијата ја истакнува потребата МО во соработка со Владата и Министерство за надворешни работи и надворешна трговија да преземе активности за обезбедување на имотно правна документација за купениот недвижен имот во седиштето во НАТО.

## 5. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 10.03.2025 до 18.08.2025 година, кај Министерство за одбрана на сметката на основен буџет 637 од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Од страна на Државен завод за ревизија извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2022 година при што е изразено неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи.

Ревизијата изврши проверка на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 11-201/16 од 11.12.2023 година. Утврдивме дека од дадените тринаесет препораки спроведена е една препорака, две се делумно спроведени, а десет препораки не се спроведени (Прилог 1).

## 6. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 7. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на Министерство за одбрана, застапувано од:

- Славјанка Петровска, министер од 17.01.2022 година до 23.06.2024 година
- м-р Владо Мисајловски, министер од 24.06.2024 година.

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските

трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 8. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Министерство за одбрана, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени

од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 9. Недостатоци во внатрешната контрола

9.1. Извршивме оценка на воспоставениот систем на внатрешни контроли со цел да се утврди дали истиот е дизајниран и дали функционира согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола[32] и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор при што ги утврдивме следниве состојби:

- МО има недостаток на вработени лица на раководни позиции од значење за функционирање на МО, состојба констатирана и со претходниот ревизорски извештај. Во текот на 2024 година, од вкупно 18 систематизирани работни места - раководители на сектори, пополнети се осум (8) додека за преостанатите работни места раководители на сектори работните задачи ги извршуваат 10 лица врз основа на овластувања од министерот;
- во делот на водењето на деловните книги, обработката на податоците и контролата на внесените податоци, утврдивме дека по поднесување на завршна сметка, електронската база на податоци од сметководствената евиденција не е соодветно обезбедена од менување, односно истата не е заклучена. Наведената состојба не е во

[32] Од 17.12.2024 година во примена е нов Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор

согласност со членовите 7 и 10 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[33], каде е уредено дека сметководствените податоци кои се обработуваат со електронски сметачи треба да бидат заклучени, отпечатени, потпишани и поврзани, а регистриран податок во деловните книги не смее да се менува и дополнува на начин што подоцна ќе го оневозможи утврдувањето на првобитно регистрираната содржина што може да предизвика неовластена промена на податоците. Во текот на ревизијата, од страна на овластени лица преземани се активности и базите на податоци за 2024 година се заклучени;

- усвоени се процедури за најголем дел од процесите кои се одвиваат во делокругот на надлежностите на МО, воспоставена е комуникација и навремена достава на документите помеѓу секторите/директоратите, но истата не се почитува. Голем дел од документацијата која се генерира во повеќе сектори не се доставува до сметководството или се доставува со големо задоцнување, поради што отсуствува целосно и навремено евидентирање на трансакциите во сметководствената евиденција и нивно навремено презентирање во финансиските извештаи;
- со Упатството за финансиско сметководство во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија[34] уредено е исплатата на настанатите обврски да се врши на пропишан образец „Наредба за исплата", архивски заведен и потпишан од организациона единица која го иницира плаќањето. Утврдивме дека плаќањата по основ на права од Колективен договор се вршат по „Наредби за исплата" потпишани од раководителот на Секторот за финансиски прашања, но истите не содржат архивска заверка со што ги немаат карактеристиките на уреден и веродостоен сметководствен документ;
- за дел од исплатите по основ на правата од Колективниот договор не се воспоставени пишани процедури со кои ќе се уредат начинот, постапките и актите за нивно утврдување и исплата поради што утврдивме различно постапување кај одделни организациони единици за исти активности.

Наведените состојби не се во согласност со член 6, 7, 16 и 17 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради што не е воспоставен ефикасен систем на внатрешни контроли со кој би се намалиле ризиците во работењето и би се обезбедил ефикасен систем на контрола и управување со јавните средства.

---

[33] „Службен весник на Република Македонија" број 61/02, 98/02, 81/05, 24/11 , 145/15 и 170/17
[34] Број 02-4385/1 од 06.07.2011 година и број 03-6598/1 од 30.12.2013 година

Истакнуваме дека во 2025 година донесен е нов Правилник за внатрешна организација и нов Правилник за систематизација на работни места со кои е уредена нова организациона структура и преземени се активности за усогласување и доуредување на сите пишани процедури согласно работните задачи на вработените.

Препорака

Одговорното лице на МО да продолжи со активностите за воспоставување ефикасен систем на внатрешна финансиска контрола за процесите во МО и креирање/ажурирање на потребните интерни процедури.

9.2. Извршивме оценка на воспоставениот систем на внатрешни контроли во процесот на пресметка и евиденција на платите во МО и Армијата при што ги утврдивме следниве состојби:

- евиденцијата за дневна присутност на работа во единиците на Армијата се води во хартиена форма. На месечно ниво се изработува работна листа со податоци за поминатите часови според начинот на ангажирање: редовна работа, прекувремена работа, дежурство, отсуства, и кои по извршена контрола и по завршување на месецот, се доставуваат на потврдување и одобрување на надредената команда, која потоа ја доставува до соодветното одделение на ГШ кое ја доставува до сектор за финансии-одделение за плати. Поради вака воспоставениот начин на достава и одобрување на документацијата, месечната исплата на плата се однесува на основната компонента на плата и додатоци на плата за изработени часови од претходни месеци;
- актите кои произлегуваат од работниот однос: нови вработувања, решенија за прекоманда, унапредувања, овластувања, награди се одлагаат во персоналните досиеја на вработениот во единицата каде е распореден, во досиејата што се водат при ГШ, како и во одделението за плати. Поради степенот на класификација на персоналните акти, истите не се прилог кон месечните пресметки на плати како доказ за настанати промени. Поради претходно наведениот начин на доставување на документацијата, и овие докази се доставуваат со задоцнување до сектор за финансии-одделение за плати;
- евиденцијата на одработените часови и промените од актите претходно наведени, за 7.257 лица во МО и Армијата во софтверската апликација вршат три (3) лица - самостојни референти од одделението за плати. Со Интерни процедури на одделението за плати[35], иако е воспоставена ex-ante контрола, поради погоре наведените состојби во однос на

[35] Број 13-1350/1 од 27.02.2014 година

задоцнето доставување на документацијата, контролите се вршат од формално-правен аспект;

- пресметката на плати се прави со софтверско решение базирано на дата база и програмски јазик од постара генерација (Cobol), кое е во употреба од 1992 година. За целата пресметка која се води, обучено е само едно лице без никакво разграничување во менувањето на програмскиот код, промената на податоците во базите, внесување на нови податоци за пресметки како и креирање и генерирање на потребните извештаи без воспоставени дополнителни механизми за контрола над пресметките. Дата базата е од постара генерација и не се води дневник на настани за промените во податоците;
- месечните барања за плата доставени до МФ ги одобруваат раководител на Одделение за плати и раководител на Сектор за финансии -со овластување со печат, но без потпис и печат на контролори и прилог образец Ф-1.

Како резултат на ваквиот начин на пресметка на плати, не постоењето на софтверска апликација за управување и евиденција со човечките ресурси, чести измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за одбрана[36] (без пречистен текст), постои ризик од неточна пресметка и исплата на плата, поради што постојат голем број декларации со кои се вршат корекции на платата во еден месец, како и тужби за ненавремена исплата на додатоци и надоместоци од плата.

Поради потребата од набавка на софтвер за плати од понова генерација со нови автоматизирани пресметки и добивање на извештаи од пресметките, МО во 2021 има спроведено јавна набавка за изработка на софтверско решение за пресметка на плати и склучено договор бр. 18/3-288/14 од 11.08.2021 година со економскиот оператор во вредност од 1.670 илјади денари со вклучен ДДВ за изработка на софтверското решение. Со извештај од финалното тестирање бр. 20-4403/1 од 18.12.2021 година, од страна на работниот тим и вработените во одделението за плати, констатирано е дека изработениот софтвер не ги исполнува условите наведени во спецификацијата која е составен дел од договорот и истиот не може да биде прифатен. Како причина за неуспех на набавката се наведува комплексноста во пресметката на различни типови на работни места, многу видови на додатоци на плата, различни видови на валути, задоцнета достава на документација, потребата од многу корекции на платата како и големиот број на вработени во МО и Армијата, поради што договорот е раскинат и од

[36] Од донесувањето на основниот Правилник за систематизација на работните места во Министерството за одбрана од 2015 година до декември 2024 година направени се 51 измени и дополнувања на правилникот

економскиот оператор наплатени се гаранции за неисполнување на договорот.

Препорака

Одговорното лице на МО да преземе мерки и активности за воспоставување на ефикасен систем за управување и евиденција со човечките ресурси и пресметка на плати со софистицирани софтверски решенија.

## 10. Корекции во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата од страна на Министерството за одбрана извршени се сметководствени корекции по дадени препораки од Државниот завод за ревизија, што резултираше со промени на активата и пасивата во финансискиот извештај – Биланс на состојба по основ на евидентирање на обврски и плаќања по долгорочен договор за набавка на хеликоптери. Презентиран е налог за книжење број 17/00029 со кој е извршено зголемување на АВР и Долгорочни обврски во износ од 13.014.792 илјади денари.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на Министерство за одбрана одржан на ден 19.08.2025 година и со одговорното лице за периодот предмет на ревизија на ден 21.08.2025 година кои дадоа свои коментари и објаснување.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Министерство за одбрана на сметката на основен буџет (637) од:

- Министерот на министерството, м-р Владо Мисајловски, број 4-22-3091/1 од 10.11.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-102/18 од 14.11.2025 година и
- законскиот застапник на Министерството за одбрана за периодот предмет на ревизија - Славјанка Петровска, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-102/17 од 10.11.2025 година.

Добиените забелешки на министерот за одбрана се разгледани од страна на овластениот државен ревизор и е констатирано следното:

- забелешките кои се однесуваат на точките: 3.1.1. алинеја 1, 3.2.1. алинеја 2, 3.2.2. алинеја 2, 3.2.3. алинеи 1 и 2, 3.2.5., 3.2.8. алинеи 1 и 2, 3.2.10., 4.1., 4.2. алинеја 5, 4.3., 4.4., 9.1. алинеи 1 и 2 и 9.2. претставуваат известување за мерките и активностите кои се преземани или ќе се преземат во нареден период за

надминување на состојбите;
- забелешката на точката 3.2.4., делумно се прифаќа во насока на појаснување на утврдената состојба;
- забелешките кои се однесуваат на точките: 3.1.1. алинеја 2, 3.2.1. алинеја 1, 3.2.2. алинеја 1, 4.2. алинеја 2 и 4.6. не се прифаќаат поради тоа што не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдената состојба.

Добиените забелешки од законскиот застапник на Министерство за одбрана за периодот предмет на ревизија кои се однесуваат на точката 4.1. не се прифатени од причини што не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдената состојба, а даденото образложение ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1 | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 16.545.624 | 14.453.495 |
| **Вкупно приходи** | | 16.545.624 | 14.453.495 |
| **Расходи** | 3.2 | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1 | 6.287.922 | 5.426.394 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 3.318.607 | 2.872.390 |
| Тековни трансфери до вонбуџетските фондови | 3.2.3 | 515.339 | 519.000 |
| Тековни трансфери до единиците за локална самоуправа | 3.2.4 | 525.526 | 473.363 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.5 | 1.440.342 | 941.382 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 12.087.736 | 10.232.529 |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3 | 4.457.888 | 4.220.966 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 4.457.888 | 4.220.966 |
| Вкупно расходи | | 16.545.624 | 14.453.495 |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | **4.1** | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 2.150 | 2.355 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2 | 8.055 | 105.172 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3 | 35.030 | 33.339 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.4 | 15.001.245 | 11.218.414 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.5 | 14.581.971 | 1.546.109 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.628.451** | **12.905.389** |
| **Постојани средства** | 4.2 | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1 | 12.371.898 | 12.371.898 |
| Материјални средства | 4.2.2 | 1.410.627.982 | 1.410.627.982 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.422.999.880** | **1.422.999.880** |
| **Вкупна актива** | | **1.452.628.331** | **1.435.905.269** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 66.072 | 107.704 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 555.257 | 555.257 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 525.087 | 462.385 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 15.046.480 | 11.359.280 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **16.192.896** | **12.484.626** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4 | 13.435.555 | 420.763 |
| **Извори на средства** | **4.5** | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1 | 1.422.999.880 | 1.422.999.880 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1.422.999.880** | **1.422.999.880** |
| **Вкупна пасива** | | **1.452.628.331** | **1.435.905.269** |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Состојба 01.01.2024 година** | **1.422.999.880** | **-** | **1.422.999.880** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - | - |
| Набавки | - | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | - |
| Ревалоризација на капитални | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | - | - | - |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | - |
| Амортизација | - | | - |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2024 година** | **1.422.999.880** | **-** | **1.422.999.880** |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 4-22-3091/1
10-11-2025 20
Скопје-Shkub

Република Северна Македонија
**Министерство за одбрана**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 14.11.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org | Број Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност Vlera: |
| | 11-102/18 | | |

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

До
Државен завод за ревизија
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор
Палата „Емануел Чучков“
Ул. „Павел Шатев“ бр. 2
1000 Скопје

Предмет: Забелешки на Нацрт извештај
Врска: Ваш број 11-102/15 од 02.10.2025 година

Почитуван г-н Ацевски,

Внимателно го разгледавме Вашиот Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на услогласеност за 2024 година на Министерството за одбрана, за:

- сметка на основен буџет (637);
- сметка на основен буџет (631);
- сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-15);
- сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-20);

Со цел да појасниме одредени констатирани состојби во Нацрт извештајот бр. 11-102/15 од 02.10.2025 година, ги доставуваме следните појаснувања:

1. **За сметка на основен буџет (637):**

- за точка 3.1. која се однесува на утврдена и затекната состојба по однос на вреднувањето и евидентирањето на постојаните средства, залихите, резервните делови и ситниот инвентар, искажувањето на обврските, како и начинот на спроведување на пописот, укажуваме на следното:

- по однос на дел од имотот со кој располагаме, како и воената опрема, а кои се останати од поранешна ЈНА, Министерството не располага со соодветна документација за

да може да ги евидентира со вредносни параметри. Во изминатите години како Министерство, неколку пати се вложени напори и побарано е од Бирото за процена за да го започне процесот на процена на имотот на МО, но до овој момент не е започната оваа процедура. Како едно од образложенијата кои ги добиваме по однос на ова е дека поради специфичноста и карактерот на средствата кои треба да бидат предмет на проценка е потребата од поседување на безбедносен сертификат со висока класификација со кој располагаат многу мал број на проценители. Како ново раководство се заложуваме дека преку Владата повторно ќе го покренеме ова прашање;

- по однос на преземање на мерки и активности за усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување вредносно во финансиските извештаи и пописот на залихата на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивните извори и набавената опрема, Ве известуваме дека Министерството склучи договор за набавка на услуги – Превентивно одржување на софтверски пакет "Направено да работи" бр. бр.18/3-202/12 од 25.04.2024 година со компанијата АСЕЕ ДООЕЛ Скопје, со што се преземени активности за имплементација на наведената препорака, односно во Министерството веќе се преземени мерки во делот на материјалното сметководство, започната е постапка на прилагодување и надградба на апликацијата на материјално финансиското работење за да може да се овозможи и вредносно евидентирање на ново набавената опрема и средства. Истата се спроведува од страна на стручни лица од Сектор К4 и претставници од фирмата со која е склучен договорот за одржување на апликацијата и очекуваме во најкраток можен рок да се отпочне и со вредносно евидентирање. На тој начин и во пописните листи покрај количинската евиденција ќе имаме и вредносна евиденција.

Укажуваме дека овој процес ќе биде долгорочен, земајќи го предвид обемот на работа, бидејќи состојбата е непроменета од 1999 година. Дополнително, Министерството ќе ја преоцени потребата за дополнително наградување на софтверот за материјално финансиско сметководство, согласно покажаните резултати од тековниот договор.

**ДОКАЗ бр.1:** Договор за јавна набавка на услуги – Адаптивно и превентивно одржување на софтверски пакет „Направено

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

да работи“ бр. 18/3-122/10 од 17.03.2021 година; Извештај за реализирани работни активности бр. 20-2128/1 од 23.03.2022 година; Извештај за реализирани работни активности бр. 20-2128/2 од 23.03.2022 година; и Договор бр.18/3-202/12 од 25.04.2024 година за набавка на услуги – Превентивно одржување на софтверски пакет „Направено да работи“;

- за точка 3.2. потточка 3.2.1. алинеја 1, која се однесува за надомест на трошоците за исхрана, укажуваме дека не се согласуваме со оваа констатираната состојба.

По однос на ова право донесени се две решенија и тоа: Решение за утврдување на надомест на трошоци за исхрана на вработените во МО, ВА и АРМ бр.02-1551/1 од 27.03.2024 година, а во кое е утврдено правото на надоместок од 14.02.2024 година до моментот на обезбедување на организирана исхрана – ручек на вработените. Исто така на 30.01.2025 година донесено е решение бр.04-381/2, со кое е опфатен периодот од раскинување на договорот со економскиот оператор (07.10.2024 година) до денот на повторно воспоставување на организирана исхрана – оброк, а во согласност со точка 3 од решението.

Според наведеното цениме дека е постапено согласно важечката регулатива и нема неусогласеност со истата, за што Ви доставуваме и докази во прилог.

**ДОКАЗ бр.2:** Решение за утврдување на надомест на трошоци за исхрана на вработените во МО, ВА и АРМ бр.02-1551/1 од 27.03.2024 година; и Решение за утврдување на надомест на трошоци за исхрана на вработените во МО, ВА и АРМ бр.04-381/2 од 30.01.2025 година.

Во врска со наодот дека документот „Наредба за исплата“ потпишан од раководителот на Сектор за финансии е без архивски број и датум, појаснуваме дека се работи за интерен документ кој се изработува и на крај истиот се архивира во Директоратот за финансии. Овој начин на работа е пракса во изминатите години. Со оглед на дадената препорака од ваша страна, Директоратот за финансии, веќе постапува по истата, односно со налогот за исплата на надоместоци, документот „Наредба за исплата“ веќе има архивски број и датум, за што Ви доставуваме и доказ.

**ДОКАЗ бр.3:** Наредба за исплата бр.5-24/3-65/5 од 24.09.2025; и Наредба за исплата бр.5-24/3-65/3 од 24.09.2025.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

- за точка 3.2. потточка 3.2.1. алинеја 2, булет 1 и 2, која се однесува на правото за надоместок на трошоци за превоз на вработените во МО и Армијата согласно член 90 од Колективниот договор на Министерството за одбрана, за кое е упатено дека не постои пропишан акт за утврдување на предметниот надоместок, при што за вработените во министерството се користи Правилникот кој е само за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата, со што постои отсуство на акт за постапката врз основ на која би се утврдило предметното право, укажуваме на следното.

Во член 106 од Законот за вработени во Министерството за одбрана, е утврдено дека вработените имаат право на надоместоци кои произлегуваат од работен однос, при што е упатено дека начинот на исплата и висината на надоместоците кои произлегуваат од работниот однос, се уредуваат со Колективен договор на Министерството за одбрана. Ако се има предвид, оваа упатна одредба, Колективниот договор на Министерството за одбрана од 2024 година во делот на надоместокот на трошоци за превоз, односно членот 90 нема упатено дека за предметното право е потребно донесување на подзаконски акт.

Имајќи го предвид наведеното, наодот за донесување на правилник за регулирање на оваа проблематика и негово објавување во Службен весник не можеме да го прифатиме, поради отсуство на законска одредба со која истото би се регулирало.

Сепак, во насока на правилна примена на материјалното право, единствен пристап во утврдување на правата од работен однос за сите категории на вработени во министерството, пристапено е кон донесување на интерна процедура за уредување на постапката за остварување на правото на надометок на трошоци за превоз, со што би се надминале сите досегашни предизвици, а која ќе биде официјализирана по завршување на изборните забрани. Во таа смисла, Министерството изработи Драфт верзија на Упатство за пропишување на начинот на исплата и утврдување на висината на надоместокот за трошокот за превоз на вработените во Министерството за одбрана, кое ќе се услогласува со Армијата.

Независно од наведеното, од страна на Секторот за човечки ресурси по донесување на предметниот Колективен

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

договор, до сите Организациони единици, согласно дадените овластувања од раководното лице за донесување на решенија за надомест на трошоци за превоз, беше доставен електронски допис со конкретни насоки за постапување при утврдување на правото на надоместок на трошоци за превоз, потребна документација при носење на одлуката, како и теркови на решенија за сите категории на вработени во рамките на Министерството. Секако оваа електронска комуникација и достава на насоки беше во согласност со веќе воспоставената пракса за утврдување на предметното право во рамките на Армијата, за што доставуваме и доказ.

**ДОКАЗ бр. 4:** Електронска преписка по однос на утврдување на правото за надомест на трошоци за превоз од 14.02.2024 година и Нацрт верзија на Упатството за пропишување на начинот на исплата и утврдување на висината на надоместокот за трошокот за превоз на вработените во Министерството за одбрана;

По однос на утврдената состојба од ваша страна во врска со исплатените средства во износ од 30.308 илјади денари на 23.12.2024 година, кон ова појаснуваме дека превоз се исплатува само на лица за кои има донесено решение за утврдување на превоз и за секое лице решението се чува во неговото персонално досие. Списоците на лица кои го остваруваат правото на надоместоци согласно Колективниот договор се чуваат во електронска форма во базата на податоци и врз основа на нив се изработуваат налозите за плаќање. Согласно Вашите препораки, ќе постапиме по истото, при наредни исплати во Одделение за плати ќе се печатат и списоци на лица, како пропратна документација која ќе се архивира со секоја исплата. Притоа, укажуваме дека овој начин на работа ќе предизвика дополнителни финансиски импликации за буџетот на Министерството за одбрана, во поглед на канцелариски материјал и простор за чување на наведените документи.

**ДОКАЗ бр.5:** Список на лица кои остваруваат право на надомест на трошоци за превоз врз основа на налог за исплата од 23.12.2024 година;

- за точка 3.2. потточка 3.2.2. алинеја 1, кој се однесува за иплатените парични средства кон ФПИОСМ, појаснуваме дека ФПИОСМ месечно доставува две барања со рекапитулација, за исплата на надоместоци по основ на

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

пензија и придонеси за здравствено осигурување. Месечните барања се во висина од 1/12 од одобрените средства на потпрограма 14-Реформа во МО, ставка 431-Трансфери до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Добиените барања од ФПИОСМ се заверени од страна на Фондот, а Министерството за одбрана врз основа на добиените барања и одобрените средства во буџетот, изработува исплатна документација, односно наредба за исплата, потпишана и заверена од овластено лице. Во 2019 година, МО со акт се обрати до Министерството за труд и социјална политика (акт.бр.14-5747/1 од 01.10.2019 година), со кој се бараше податоци за број на пензионирани лица за кои МО врши рефундирање на пензии. Министерството за труд и социјална политика одговори со акт бр. 09-7285/4 од 04.11.2019 година и во прилог го препрати и дописот од ФПИОСМ, со кој не добивме целосен одговор по однос на нашето барање.

Изминативе години се вложени напори во координација со ФПИОСМ, да се обезбедат списоци на лица како потврда на износот од месечните барања кои ни се доставуваат. Но, и покрај вложените напори за добивање на списоци на лица за кои се однесуваат исплатите, од ФПИОСМ немаме добиено повратен одговор.

**ДОКАЗ бр.6:** Акт бр.14-5747/1 од 01.10.2019 на Министерство за одбрана до Министерството за труд и социјална политика; Акт бр.12-4547/2 од 24.10.2019 година на ФПИОСМ; Акт бр. 09-7285/4 од 04.11.2019 на Министерството за труд и социјална политика до МО;

- за точка 3.2. потточка 3.2.2. алинеја 2, каде што е утврдено дека за исплатените средства по основ на извршни исправи, не е обезбеден веродостоен сметководствен документ, напоменуваме дека по укажувањата од Ревизијата, истото се спроведува со навремено доставување до Директоратот за финансии. Притоа мора да се земе предвид фактот дека обезбедувањето на бараната документација е задоцнето заради објективни причини, односно Директоратот за финансии, изводот за исплатени средства го добива од Министерството за финансии пред Директоратот за правни работи да ги добие извршните исправи, бидејќи налозите првенствено стигнуваат во Државното правобранителство, а потоа тие ги испраќаат во Министерството за одбрана. Напоменуваме дека се

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

спроведува постапката за доставување на потребната документација до Директоратот за финансии и Ви доставуваме и доказ.

**ДОКАЗ бр.7:** Дописи од Директоратот за правни работи до Директоратот за финансии;

- за точка 3.2. потточка 3.2.3. алинеи 1 и 2, појаснуваме дека министерството веќе има преземено активности во оваа насока, односно во јули 2024 година се раскинати договорите на најголем дел од ангажираните лица, а во 2025 година има големо намалување на лица ангажирани по договор за дело, односно активни се само 4 договори;

**ДОКАЗ бр. 8:** Договор за дело бр. 04-320/1 од 27.01.2025 година и Договор за дело бр.04-409/12 од 11.04.2025 година; Договор за дело бр.04-435/1 од 13.02.2025 година и Договор за дело бр.04-409/14 од 11.04.2025 година; Договор за дело бр.04-409/3 од 13.02.2025 година и Договор за дело бр.04-409/16 од 11.04.2025 година; и Договор за дело бр.04-1743/1 од 10.06.2025 година.

- за точка 3.2. потточка 3.2.4. каде што е утврдено дека преостанатите државни органи, корисници на услугите, не ги подмируваат своите обврски кон МО, не се согласуваме со овој наод од причина што првично целокупната документација е доставена на увид во текот на ревизијата, а од сите наведени институции, само ДБКИ не го имаат подмирено долгот, за што го имаат известено Министерството.

Сепак, хронолошки повторно ја појаснуваме постапката за користење на сервисните услуги и напоменуваме дека Владата ги задолжи сите органи на државната управа кои се вклучени во сервисните пакети, да ги плаќаат соодветно своите обврски кон МО.

Според тоа, МО до Владата со деловоден број 02-98/2 од 02.01.2020 година доставува информација за потребите од започнување на активностите за склучување на меѓународен договор меѓу РС Македонија и НАТО Агенција за комуникации и информации на разгледување. На 21 јануари 2020 година, во Извадокот од нацрт записникот на Четвртата седница на Владата на Република С. Македонија со број 44-272/1 се задолжува МО да биде носител и да ги координира активностите за склучување на меѓународни договори (Меморандум за разбирање, Технички договори, Пакет за

сервисни услуги "SSP") меѓу Република С. Македонија и НАТО Агенција за комуникации и информации. Во точка 5 од Извадокот се задолжуваат Министерство за надоврешни работи, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Агенција за национална безбедност и Центарот за управување со кризи да достават до МО детални информации за финансиските импликации што ќе ги предизвика склучувањето и спроведувањето на меѓународните договори. Во овој Извадок, во точка 5 се задолжуваат Министерство за надворешни работи, Дирекција за безбедност на класифицирани информации, Агенција за национална безбедност и Центарот за управување со кризи учествуваат во изработување на техничките аражмани со искажување на своите потреби и за истите се согласни за финансиските импликации.

Со Извадок од Нацрт-записникот од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република С Македонија одржана на 7 јули 2020 година со број 44-6934/1 се овластува државниот секретар на МО за потпишување на Меморандум за разбирање. Во Извадокот од Нацрт-записникот од Третата седница на Владата на Република С. Македонија одржана на 09 септември 2020 година со број 44-8156/1 се искажани финансиските обврски за набавка на информатичка и друга придружна опрема по институции. На 23.09.2020 година Државниот секретар на МО го има потпишано меморандумот за соработка кој е со важност од 10 години. Понатаму, потпишан е Технички аранжман 2020:01 за Постојаната Делегација на Република С. Македонија во НАТО HQ во Брисел, Белгија за период од 01.01.2020 година до 31.12.2029 година, потпишан од Државен секретар на МО. Пакетот за сервисни услуги "SSP" за Постојаната Делегација на Република С. Македонија во НАТО HQ во Брисел, Белгија за 2024 година е потпишан од Државен секретар на МО , со деловоден број 13/2-841/1 од 08.02.2024 година.

Врз основа на сето ова, изготвена е табела во која се прикажани износите коишто е потребно да ги плати секоја од институциите, а кои износи се утврдени согласно делот од услугите што ги користат и начинот на распределба на финансиските обврски од вкупната сума. Деловите од вкупната сума од 32.662,00 ЕУР по институци врз основа на услугите што ги користат се:

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

- Сектор К-4 / МО 5.439,35 ЕУР.
- Армија 11.598,26 ЕУР.
- МНР 8.570,48 ЕУР.
- ДБКИ 3.729,35 ЕУР.
- ЦУК 1.209,78 ЕУР.
- АНБ 1.209,78 ЕУР.
- АР 905,00 ЕУР.

**ДОКАЗ бр.9:** Комплетна документација;

- за точка 3.2. потточка 3.2.5. која се однесува на парични награди на редовно вработените и на лицата ангажирани преку Агенција за приватни вработувања, како и на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата согласно одредбите од Колективниот договор на МО, мора да упатиме дека при носење на одлука за изрекување на парична или друга стимулативна мерка особено за вработените во МО и Армијата, се земаат предвид сите околности кои се од влијание за носење на одлука и избегнување на субјективен пристап, особено што доделувањето на стимулативна мерка се базира на предлози на непосредно претпоставените, а не на раководното лице со што нема елементи на дискреционо одлучување.

Дека нема субјективност и дискреционо одлучување упатува и фактот дека пред достава на предлози од страна на непосредно претпоставените на секоја организациона единица, од страна на државниот секретар се доставуваат насоки за начинот на давање на предлози, со децидно наведување кои услови треба да бидат исполнети, за што Ви доставуваме и доказ.

**ДОКАЗ бр.10:** Приказ на електронска комуникација помеѓу Државниот секретар и раководни лица во организационите единици на МО и АРСМ;

Исто така, укажуваме дека во 2025 година министерството веќе презеде мерки и подзаконски акт е изработен и истиот ќе се потпише од страна на министерот по завршување на изборниот процес за 2025 година.

**ДОКАЗ бр.11:** Драфт верзија на Правилник за начинот на следење на постигнатите резултати, доставување на предлогот и начинот на доделување на парична награда, друг вид на материјална или нематеријална награда и стимулативна мерка на вработените во Министерството и Армијата;

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Што се однесува до исплатата на парична награда или друг вид на стимулативна мерка за лицата ангажирани преку Агенција за приватни вработувања, упатуваме дека истото е во рамките на одобрените финансиски средства како и во согласност со одредбите на член 20 и 26 од Законот за приватни агенции за вработување според кои на отстапените работници треба да им се овозможат сите права од работен однос согласно важечка законска и подзаконска регулатива на идентичен начин како и да се во редовен работен однос.

Имено, во склучениот Договор за јавна набавка – Ангажирање на лица преку агенција за времени вработувања бр.8-32/1-236/12 од 05.05.2025 година, во членот 12 носителот на набавката се обврзува да ги обезбеди сите права по однос на работен однос согласно Законот за приватни агенции за вработување, Законот за работни односи и другите прописи (колективни договори, решенија, уредби и други акти на работодавачот корисник) кои важат за вработените кај договорниот орган, односно работодавачот корисник. Исто така, Договорниот орган во однос на привремено отстапениот работник се јавува како работодавец и во таа смисла треба да ги почитува одредбите од Законот за работни односи, Законот за приватни агенции за вработување и Законот за заштита при работа.

**ДОКАЗ бр.12**: Договор за јавна набавка – Ангажирање на лица преку агенција за времени вработувања бр.8-32/1-236/12 од 05.05.2025 година;

- за точка 3.2. потточка 3.2.8. алинеја 1, која се однесува на анекс договорите, истакнуваме дека ова повеќе не е пракса од јули 2024 година бидејќи во новите договори јасно е наведено дека за секој кусок, односно вишок е потребно да биде склучен анекс на договорот, што не бил случај во минатото со претходните договори;

- за точка 3.2. потточка 3.2.8. алинеја 2, која се однесува на извештаите за извршениот надзор на работите, појаснуваме дека од јули 2024 година, истите се изработуваат. Според тоа, овој проблем е веќе надминат, а како пример е извештајот за извршен надзор врз работите за АП Криволак и КО Пепелиште како и за објект број 34 во касарна Штип, каде што овие извештаи се составен дел од списите.

- За точка 3.2, потточка 3.2.10, утврдена е состојба од ваша страна дека МО може да се соочи со судски постапки

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

доколку не го исплати преостанатиот износ на презамената обврска, за која имате утврдено сериозно недоследности со законската регулатива. Сакаме да информираме дека овој предмет МО го пријави во Управата за финансиска полиција. Дополнително бараме во препораката да ни укажете дали има оправданост за пристапување кон исплата на преостанатиот износ од обуката, земајќи ги предвид сериозните недоследности со законската регулатива како оваа активност е реализирана;

- за точка 4.1. која се однесува на начинот на донесување и објавување на новиот Колективен договор на МО, упатуваме дека станува збор за документ кој е донесен во постапка на социјален дијалог меѓу работодавачот и репрезентативниот синдикат во рамките на нивните надлежности.

Имено, станува збор за колективен договор со кој се пристапило кон унапредување на правата на вработените.

Имајќи ја предвид Одлуката на Уставниот суд од 30.10.2024 година, како што е констатирано и во самиот наод, напоменуваме дека исплатите по предметниот колективен договор се извршени по донесувањето на оваа одлука, со што нема постапување спротивно на закон, особено што работодавачот при исплата е должен да постапи согласно важечката законска регулатива, а посебно што Одлуката е објавена и во Службен весник на Република Северна Македонија. Во спротивно за секое непостапување Министерството би се соочило со потенцијални судски постапки.

Со оглед на утврдената состојба од ваша страна во поглед на постапката на склучување и донесување на Колективниот договор и неговата имплементација, бараме од ваша страна да биде дадена соодветна препорака за постапување во функција на остварување на утврдените права од работен однос на вработените земајќи ја предвид заштитата на буџетот на Министерството и почитување на соодветната законска регулатива;

- во врска со точка 4.2. алинеја 2, каде што се наведува дека Секторот за правни работи нема воспоставено единствена евиденција на водени судски постапки, не се согласуваме со овие наоди бидејќи напротив Секторот за застапување како надлежен за судските постапки во

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Директоратот за правни работи, води комплетна еивиденција за судските постапки, во смисла на лицата од кои се поведени, по кој основ и за фазата на постапката. Такви списоци за евиденција беа доставени во периодот кога е вршена ревизијата. Во однос на евиденцијата за износот на исплатени средства, Секторот за застапување исто така достави евиденција за исплатени средства за периодот од јануари до декември 2024 година, согласно добиените насоки од државните ревизори, која пракса ја продолжи и понатаму за исплатените средства по основ на извршни исправи и за 2025 година. Заради ова бараме оваа точка да се отфрли;

- за точка 4.2. алинеја 5, појаснуваме дека одолговлекувањето на судските постапки не се должи на проблемот што вештите лица немаат пристап до документите во персоналните досиеја за вработените заради непоседувањето на безбедносен сертификат, туку немаат пристап до листите за евиденција на работното време, која се води во касарните, а во тие објекти неовластеното присуство е строго забрането. Истовремено, доколку на лицата им се дозволи пристап за да извршат увид, Директоратот за правни работи нема никаков доказ дека се анализирани конкретните листи, односно дека листите за евиденција на работно време не се злоупотребуваат. Токму поради тие причини, воспоставена е пракса, вештите лица да поднесат барање до Директоратот за правни работи заедно со наредбите или записниците од судот во кои се задолжени да го извршат вештачењето, а Директоратот понатаму ги проследува барањата до Генералштабот на АРСМ и на тој начин, Директоратот за правни работи има увид во сите редни листи што се испратени од ГШ и води евиденција за истите. Истовремено, кога станува збор за исплатните листи, во Одделението за плати согласно динамиката за работа, се настојува на барањата на вештите лица да биде одговорено во најкраток можен рок.

Во врска со препораката МО да преземе мерки за решавање на работните спорови со постапка за медијација или со доброволна исплата, укажуваме дека МП презема мерки веќе по однос на ова и е доставено барање до сите адвокати кои имаат активни предмети со укажување истите да достават барање до МО за доброволна исплата. Укажуваме дека надминувањето на проблемот околу доброволната

исплата би се постигнало и со измена и дополна на Законот за извршување, којашто веќе е иницирана до Министерството за правда со предлог кој го доставуваме како доказ. Исто така за оваа состојба е известена и Владата, за што МО достави Информација до Владата.

**ДОКАЗ бр.13:** Информација до Влада бр.02-2345/1 од 05.07.2024 година; Известување за доброволна исплата бр.15/564/1 од 14.02.2025 година; и Предлог за измена и дополна на Законот за извршување;

- за точка 4.3. која се однесува на санирање на штети предизвикани со поплавите во с. Стајковци, појаснуваме дека во моментите на катастрофалните поплави во с. Стајкови во 2016 година беа примени пумпи за води и генератори со цел справување со последиците од поплавата. По завршување на активноста беа направени неколку обиди со СОЗР да се реши статусот на примените пумпи и генератори (со записник за примопредавање) но безуспешно. Бидејќи наведените средства беа на располагање во единиците на Армијата, а согласно информациите со кои располага АРМ, дел од наведените средства се предадени со записници на ДЗС.

Во наредниот период ќе се интензивираат активностите за регулирање на статусот на пумпите за вода и генераторите и нивно материјално задолжување, помеѓу надлежните институции, но мора да се земе предвид дека во посочениот период беше прогласена кризна состојба и голем дел од АРМ беше ангажиран и приемот на опремата беше во многу специфични околности на кризна состојба;

- за точка 4.4. која се однесува на подмирувањето на неопходните лични потреби на питомците на Воена академија при МО, а се странски државјани, појаснуваме дека во изминатите години во неколку наврати е разговарано со странските студенти на Воената академија со насоки да отворат нерезидентни сметки со цел уплата на питомечки надоместок на сметка наместо исплата на истиот во готово. Студентите посочија дека отварањето на нерезидентна сметка е проблематично поради проблемот за регулирање на статусот за постојан, односно привремен престој во Република Северна Македонија (се регулира преку МВР) како и поради ситуации кога согласно законот за Високо образование не се стекнале со доволен број на кредити за запишување во следен семестар. Овие проблеми се особено

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

истакнати кај студентите кои се прва година поради долгата процедура за нострификација на дипломите од средно образование во матичната земја, па странските студенти кои се на школување на Воената академија овие предизвици успеваат да ги надминат дури во повисоките години (3 и 4 година). Во тој случај Воената академија се соочуваше со проблем на парцијална и ненавремена исплата на надоместокот на странските студенти. Обврска на Воената академија е да има ист третман кон сите студенти и од тие причини се продолжи со исплата во готово за што се изготвува соодветна документација со списоци со потврда за личен прием (потпис) на средствата. Сепак, Воената академија, по дадените забелешки, повторно се обрати до Центарот за обука на питомци, странските студенти да отворат нерезидентни сметки со што би се отстранила оваа забелешка и истите постапуваат по ова барање, а исходот ќе го знаеме до крајот на месецот;

- за точка 4.6. која се однесува на купувањето на недвижни ствари - деловни простории од Северноатланската алијанса, појаснуваме дека за сите активности кои се одвиваат во НАТО, Алијансата има своја соодветна регулатива и поради тоа не може да се стекне имотно право врз купените недвижни ствари. Министерството за одбрана ја обезбеди имотно-правната документација за купените ствари и истата ја доставува како доказ.

ДОКАЗ бр.14: Имотно-правна документација за купени недвижни ствари од Северноатланската алијанса;

- за точка 9.1. алинеја 1, која се однесува на недостаток на вработени лица на раководни позиции од значење за функционирањето на МО, појаснуваме дека во текот на 2024 година од вкупно систематизирани 18 раководни места – раководители на сектор, пополнети се 8, додека 10 лица од овие работни места задачите ги извршуваат по овластување, но истовремено упатуваме дека состојбите од 2025 година се веќе подобрени на начин што со донесување на Актот за внатрешна организација и Актот за систематизација на работни места на 24.12.2024 година (одобрени од Владата на РСМ) и воспоставување на новата организациска структура на Министерството од 01.01.2025 година, согласно важечкото законско решение, потребите на Министерството, преземените обврски со членството во НАТО, а согласно

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

постапката за мобилност, отпочнат е процес на вработување и унапредување согласно (Закон за вработени во МО, Закон за административни службеници и Закон за служба во Армијата на Република Северна Македонија) со што има напредок при пополна на клучни позиции, не само на работни места „раководител на сектор" туку на сите работни места од категорија Б, односно од раководител на одделение до директор на директорат), а чија пополна е неопходна за непречено спроведување на основните функции на Министерството. Овие постапки се унапредени и во останатите категории на персонал, а не само по однос на раководните;

- за точка 9.1. алинеја 2, која се однесува на водењето на деловните книги, обработката на податоците и контролата на внесените податоци, појаснуваме дека по констатирање на дадената состојба електронската база беше заклучена и притоа се направи проверка на податоците во базаТА со податоците од обрасците од завршната сметка со што се потврди нивната идентичност. Овој процес заврши уште во периодот на вршењето на ревизијата и сметаме дека забелешките се неосновани и наодот треба да се отфрли;

- за точка 9.2. која се однесува на процесот на пресметка и евиденција на платите во МО и Армијата, појаснуваме дека Одделението за плати добива работни листи пополнети, контролирани и потпишани од овластени лица, кои се основ за пресметка и исплата на надоместоци за храна и превоз, прекувремени часови, ноќни смени и работа за време на неработен ден и празник. Поради воспоставениот начин на доставување на документацијата, овие податоци се од претходен месец, а разни видови решенија кои пристигнуваат во тековниот месец, влегуваат во пресметката за тековниот месец.

Софтверот кој е во употреба и покрај тоа што е постара верзија ги задоволува сите потреби за точна пресметка и исплата на плати во Министерството за одбрана. Образецот Ф1 во Министерство за финансии се доставува во електронска Форма и заедно со образецот план за плата и налогот за исплата на месечно ниво неопходно е да бидат усогласени. Доколку нема нивна усогласеност, Министерството за финансии нема да исплати плата.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Исплатата во даден момент е помала само за задршките од плата на вработените кон Министерството. За секоја дополнителна исплата која се врши со образец 103-ка (корекција на плата), а се однесува на претходни месеци, се доставува дополнително барање до Министерство за финансии и истото не влегува во Ф1 образец за тековниот месец. По прифатената декларација од УЈП за плата, истата се доставува до Министерство за финансии за да се изврши исплата на плата;

И покрај тоа што за изработка на плата работиме на софтвер кој е постара верзија, досега за точноста и исправноста во работата на одговорните лица во Одделение за плати нема забелешки од страна на УЈП и Министерство за финансии. Во насока на обезбедување на нов софтвер за изработка на плата, во преговори сме со Министерството за дигитална трансформација за потпишување на договор за меѓуинституционална соработка, за што имаме добиено и Нацрт договор за утврдување на заемни односи за развивање на модул во ЕПР Системот.

**ДОКАЗ бр. 15:** Нацрт договор за утврдување на заемни односи за развивање на модул во ЕПР Системот; и Приказ на електронска преписка.

2. **За сметка на основен буџет (631):**

- за точка 3.1, потточка 3.1.1. алинеја 1, која се однесува на договорите и фактурите кои произлегуваат од услугите кои МО ги дава на одредени државни органи, појаснуваме дека Министерството за одбрана има доставено информација до Владата на РСМ, во којашто укажува дека Договорот за физичко обезбедување на склад за нафтени деривати „Врело" во с. Ваксинце е со истечена важност, а Агенцијата за задолжителни нафтени резерви искажала согласност за приватно обезбедување на складот за нафтени деривати „Врело" во с. Ваксинце.

Со увид во сметководствената евиденција на Сектор за финансии констатирано е дека и покрај тоа што Договорот за физичко обезбедување на склад за нафтени деривати „Врело" во с. Ваксинце е со истечена важност, за извршената услуга - физичко обезбедување од страна на Армијата, изработени се и доставени фактури заклучно со 09 месец 2025 година. По

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

доставените фактури Агенцијата има направено уплата на фактурираниот износ на приходната сметка на министерството (63115), што е потврдено со направениот увид во сметководствената евиденција на Министерството.
**ДОКАЗ бр.16:** Комплетна документација;

- за точка 3.1, потточка 3.1.1. алинеја 2, Министерството за одбрана, се обврзува во иднина да склучува договори за рефундирање на трошок на електрична енергија, претходно платена од страна на МО во име на М-НАВ и АЕК.

**3. За сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-15):**

- за точка 3.2, потточка 3.2.1, која се однесува на дел од приходите на ВМЦ - МО, за дадени медицински услуги, наплатени во готово, регистрирани со фискални апарати и евидентирани во благајнички извештаи, појаснуваме дека наведената забелешка е претходно констатирана во конечен извештај од ДЗР бр.11-201/20 од 11.12.2023 година. По добивање на наведениот извештај изработена е наредба на НГШ на Армијата број 05-34/19 од 06.02.2025 година (прилог) каде е регулирано уплатата на дневниот пазар да се врши наредниот ден за претходниот ден. При доставата на благајничките извештаи се доставуват и дневни финансиски извештаи. Во однос на забелешката за исправноста на медицинската документација во прилог на исплатната документација, во наредениот период истото ќе го регулираме со интерен акт, за што доставуваме и доказ.
**ДОКАЗ бр.17:** Акт на ВП 2803/80 бр. 05-34/19 од 06.02.2024 година.

**4. За сметка на буџет од самофинансирачки активности (787-20):**

- за точка 3.1. потточка 3.1.1. алинеја 1, која се однесува на вредноста на залихите во Билансот на состојба, укажуваме дека во Министерството за одбрана не постои соодветен кадар за да постапи по истото, но уверуваме дека Министерството ќе вложи напори и ќе за ја започне постапката за спроведување на пописот, која ќе трае подолг период и ќе предизвика поголеми финансиски импликации;

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

- за точка 3.1. потточка 3.1.1. алинеја 2, во однос на забелешката дека нема утвдено нормативи за подготовка на готови јадења, известуваме дека изготвена е Нацрт верзија на Норматив за изготвување на калкулации за цените на јадења во угостителските објекти, кој го доставуваме како доказ и воедно би сакале да укажеме дека во периодот што следи, ќе се направи попис на залихите на стоки во централниот магацин.

**ДОКАЗ бр.18:** Нацрт верзија на Норматив за изготвување на калкулации за цените на јадења во угостителските објекти;

- за точка 3.2. потточка 3.2.1. која се однесува на паричните средства што се прибираат како дневен пазар во готово од продажба на производи и услуги од продажните места, рекреативните објекти, кантините и другите објекти, а кои се чуваат во благајните неколу дена, потенцираме дека ДУСР бележи значително подобрување во работата, каде за разлика од минатото каде се вршеле уплати на дневен пазар еднаш месечно, сега тоа се врши 3 пати неделно. Уплатата се врши согласно точка 2 од Решението за измена и дополна на решението за благајнички максимум, број 02-1529/1 од 16.05.2025 година, а паричните средства што се прибираат како дневен пазар во готово, соодветно се чуваат во сеф. Дополнително информираме дека уплатата на дневен промет од објектите кои функционираат сезонски (хотел Шар-Попова Шапка и АК Васко Карангелески- Охрид), не се извршува секој ден, заради логистичката состојба и големата оддалеченост до банките и не е економски исплатливо и ќе има значителни финансиски импликации врз буџетот на Министерството за одбрана;

- за точка 3.2. потточка 3.2.2., во која се констатира дека не се води книга на дневни финансиски извештаи, потенцираме дека Министерството за одбрана веќе има постапено по оваа забелешка.

Министерството за одбрана ги поддржува напорите на Државниот завод за ревизја за законито и транспарентно работење, со доследна примена на важечката регулатива и искажуваме голема благодарност на ревизорскиот тим за дадените препораки.

Забелешките на Нацрт извештајот ги доставуваме со цел да појасниме и дополниме делови од извештајот за кои сметавме дека има таква потреба.

Истовремено, за дообјаснување на овие состојби, укажуваме на потребата за одржување на заеднички состанок, со цел надминување на слабостите.

Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

Министер за одбрана
ул. Орце Николов, бр 116
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3282042
Факс. (02) 3282102
kabinetMO@mod.gov.mk
Сајт: www.mod.gov.mk

Со почит,

Изработил: д-р Софка Хаџијевска Постоловска
Катерина Ристовска Василева
Проверил: Милан Андоновски
Одобрил: Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Владо Мисајловски

Доставено до:
- Насловот
- КМО
- ДС
- Архива

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено / Pranuar më: 10.11.2025
11-102/17

**До**
**М-р Максим Ацевски**
**Главен државен ревизор**
**Државен завод за ревизија**

**Предмет:** Забелешки на Нацрт извештај, бр.11-1-2/16 од 02.10.2025

***Почитуван г.Ацевски,***

На 8 октомври 2025 година ми беа предадени копии од нацрт Извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година во Министерството за одбрана, при што се опфатени сметките на основниот буџет и сметките на буџетот од самофинансирачки активности.

Изразувам длабока почит на посветеноста и ангажманот на тимот на ревизори кои во посочениот период низ бројни активности спровеле ревизијата со цел да утврдат фактичка состојба на усогласеност на постапките и процесите во министерството со законската регулатива и подзаконските акти, но истовремено и да дадат препораки и мислења со кои ќе го насочат процесот на подобрување на процесите и отстранување на недостатоците.

Имајќи ја предвид целта на ревизијата, а тоа е низ увид и контрола на документацијата да се изрази мислење дали постои усогласеност и дали се постапува согласно законските прописи, од клучно значење е на ревизорите да им се презентира целокупната документација која е поврзана со конкретна постапка или процес, со цел мислењето да биде реално и веродостојно.

Истовремено, многу е важно да нема политички или било какви други малициозни влијанија кои би го попречиле или оневозможиле реалниот увид и изразувањето на мислење засновано на факти.

Внимателно ги прочитав сите делови на Нацрт извештајот и за жал морам да констатирам дека во неколку точки е евидентно дека Министерството за одбрана не ги презентирало документите во целост, па затоа и ревизорите се наведени на заклучоци кои не кореспондираат со вистината.

Конкретно, во нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Министерството за одбрана, сметка на основен буџет (637) 01 2025 03 02/1, на страница 19 во точка 4 Нагласување на прашања, потточка 4.1 е забележано дека ниту Министерството за одбрана, ниту Министерството за финансии не доставиле доказ дека е добиена потребната согласност од Министерството за финансии, ниту доказ дека Министерството за труд и социјална политика е известено во законскиот рок, заради што ревизијата укажува на потребата од ревидирање на законитоста на постапката за донесување на Колективниот договор. Од вака изнесеното укажување очигледно е дека на ревизијата не и бил посочен фактот, ниту поткрепен со докази дека на седницата на Владата одржана на 13.02.2024 година, беше поднесена информација за потребата од склучување на Колективниот договор и таа информација заедно со текстот на Колективниот договор беше презентирана пред членовите на Владата, меѓу кои беше присутен и министерот и/или заменикот министер за финансии. Согласноста за склучување на колективниот договор беше дадена усно, на самата седница, што впрочем и не е ништо невообичаено или исклучок, од причина што и претходно за различни точки министерството за финансии го соопштувале ставот на самата седница. За одржувањето на седниците на Влада се водат записници кои се составен дел од архивите на Владата.

Целта на Колективниот договор е да ги доуреди правата и обврските на вработените во Министерството за одбрана, без оглед на нивниот статус на административни службеници, воен персонал, цивилни лица или овластени службени лица, туку перцепирајќи ги како целина која е клучна за градење и гарантирање на системот на национална одбрана. Во време кога светот се соочува со глобални безбедносни закани, но од друга страна и постојаното одлевање на човечки потенцијал од институциите, одржувањето на неопходната бројност и пополнетост на работни позиции во одбраната е од витално значење за одржување на системот на одбраната. Па оттука и Колективниот договор не е димензиониран како начин на продуцирање на непотребни трошоци, туку како систем за гарантирање и одржување на човечкиот потенцијал, кој е најважниот сегмент и еден од столбовите на одбраната. Тој се потпиша пред распишување на изборите, од причина што тогаш завршија консултациите со сите синдикати во одбраната, кои беа вклучени заради поголема инклузивност на процесот, иако тој се потпиша само со репрезентативниот синдикат. Заради распишување на изборите, а во согласност со Изборниот законик, дејствија кои произлегуваа од Колективниот договор а предизвикуваат финансиски импликации, беа одложени за по завршувањето на изборите. Истовремено, при преговарањето на Договорот се имаше предвид и динамиката на процентуално зголемување на буџетот на МО, согласно плановите за развој и модернизација, но и соодносот со инвестирањето во човечките ресурси.

Недостаток од презентирање на целокупната документација забележувам и во точката 3.2.10 на страница 17, точка 4.2, точка 3.2.7 и точка 3.2.8 од истиот документ.

Како поранешен министер за одбрана не поседувам копии од ниту еден документ кој претставува службена комуникација и од тие причини, во овој момент не сум во можност да ги презентирам доказите. Истовремено, укажувам на потребата од известување на Министерството за одбрана дека свесно или несвесно, намерно или ненамерно одбегнување да се презентираат сите документи поврзани со процеси и постапки, претставува попречување на утврдување на вистинитоста и точноста и погрешно наведување на институциите во нашата држава.

Со особена почит,

Славјанка Петровска

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Добиени се забелешки на Нацрт извештаите за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2024 година на Министерство за одбрана на сметката на основен буџет (637) број 11-102/11, сметката на основен буџет (631) број 11-102/12, сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-15) број 11-102/13 и сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-20) број 11-102/14 од 02.10.2025 година од:

- м-р Владо Мисајловски, министер, број 4-22-3091/1 од 10.11.2025 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-102/18 од 14.11.2025 година и
- Славјанка Петровска, законски застапник на Министерство за одбрана за периодот предмет на ревизија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-102/17 од 10.11.2025 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**Забелешки од м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана**

**Забелешки на Нацрт извештајот на сметката на основен буџет (637)**

1. Забелешката на **точката 3.1.1. алинеја 1** која се однесува на не утврдена вредност на постојаните средства, нивните извори и нивно евидентирање во материјалната и финансиската евиденција претставува **известување** за причините за утврдените состојби кои ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата и континуирано известува, како и за планираните активности за нивно надминување.

2. Забелешката на **точката 3.1.1. алинеја 2** која се однесува на не преземени активности и мерки за усвојување на политика за начинот на евидентирање и искажување на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар во сметководствената евиденција и нивно целосно евидентирање со вредносни параметри во материјалната и финансиската евиденција, **не се прифаќа**. Доставените докази за имплементација на софтверско решение, ревизијата ги имаше во предвид при вршење на ревизијата како преземани активности за спроведување на претходно дадени препораки и за надминување на состојбите

и истите не ја оспоруваат утврдената состојба.

3. Забелешката на **точката 3.2.1. алинеја 1**, која се однесува на исплатените надоместоци за исхрана за кои одговорното лице на МО нема донесено правен акт (решение, одлука) и исплата врз основа на не архивирани документи „Наредба за исплата" **не се прифаќа.** Дел од дополнително доставените докази ревизијата ги имаше во предвид во фазата на извршување на ревизијата и истите не ја оспоруваат утврдената состојба. Доставени се докази за архивирани наредби за исплата и преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на **точката 3.2.1. алинеја 2**, која се однесува на не постоење на пропишан акт за утврдување на правото за надоместокот за превоз на вработените во Министерство за одбрана и исплата на средства за превоз на вработените претставува **известување** за преземени активности и доставена е нацрт верзија на „Упатство за пропишување на начинот на исплата и утврдување на висината на надоместокот за трошокот за превоз на вработените во Министерството за одбрана". Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор, а препораката соодветно прилагодена.

5. Забелешката на **точката 3.2.2. алинеја 1**, која се однесува на исплатените парични средства кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија без да биде обезбедена соодветна поткрепувачка документација **не се прифаќа**. Министерството за одбрана достави документација со која во 2019 година од Министерството за труд и социјална политика бара податоци за бројот на пензионирани лица за кои Министерството за одбрана врши рефундирање на пензиите, кои докази не ја оспоруваат констатираната состојба.

6. Забелешката на **точката 3.2.2. алинеја 2,** која се однесува на не обезбедени веродостојни сметководствени документ за исплатените средства по основ на извршни исправи претставува **известување** за отпочнати активности од страна на Директоратот за правни работи за доставување на потребната документација по основ на исплати по изврши исправи до Директоратот за финансии.

7. Забелешката на **точката 3.2.3. алинеи 1 и 2** која се однесува на ангажирање на лицата со договор на дело за работи претставува **известување** за преземени активности и раскинување на најголем број на склучени договори на дело. Овие активности веќе се соодветно обелоденети во ревизорскиот извештај и не ја оспоруваат констатираната состојба.

8. Забелешката на **точката 3.2.4.** која се однесува на начинот на распределба на финансиските обврски соодветно на бараните и испорачаните услуги за Мисијата на Република Северна Македонија во НАТО во Брисел, за повеќе институции и неплатените обврски **делумно се прифаќа** во насока на појаснување пасусот кој од корисниците не ги исполнил своите обврски кон Министерството за одбрана.

9. Забелешката на **точка 3.2.5.** која се однесува на извршени исплати на парични награди на редовно вработени и лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања во Министерството за одбрана и вработени во Армијата како цивилен и воен персонал без донесен интерен акт со кој ќе се утврди начинот на доделување на истите претставува **известување** за преземени активности. Министерството за одбрана достави Нацрт верзија на „Правилник за начинот на следење на постигнатите резултати, доставување на предлогот и начинот на доделување на парична награда, друг вид на материјална и нематеријална награда и стимулативна мерка на вработените во Министерството и Армијата." Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор а препораката соодветно прилагодена.

10. Забелешката на **точката 3.2.8. алинеи 1 и 2** која се однесува на не склучување на анекси кон договори за јавни набавки за изведување на градежните работи каде се утврдени вишоци и не изготвување на завршни извештаи од страна на надзорните инженери претставува **известување** за нов начин на постапување со што утврдените состојби се надминати.

11. Забелешката на **точката 3.2.10.** која се однесува на организирање и реализација на курсеви за сајбер професионалци со користење на платформата Cycube без спроведена соодветна постапка за јавна набавка, ниту склучен договор со правното лице со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски претставува **известување** со кое се потврдува утврдената состојба во ревизорскиот извештај и за доставено барање за постапување на друг надлежен орган.

12. Забелешката на **точката 4.1.** во делот на Нагласување на прашања која се однесува на финансиските импликации врз буџетот на Министерството за одбрана, а со тоа и врз Буџетот на државата кои произлегуваат од исплати на разни надоместоци за вработените предвидени со новиот колективен договор кој не е донесен согласно тогаш важечката законска постапка претставува **известување** за легитимноста на исплатата по донесената одлука на Уставниот суд кое ревизијата го имаше во предвид при констатирање на состојбата.

13. Забелешката на точката **4.2. алинеја 2**, која се однесува на не воспоставена единствена евиденција на водени судски постапки со податоци од кого е поведен работниот спор, основот, како и износот на исплатени средства **не се прифаќа**. Доставените податоци во текот на ревизијата беа дополнително креирани по барање и насока на ревизорите. Министерството за одбрана не достави дополнителна документација и докази со кои ќе ја оспори констатираната состојба.

14. Забелешката на точката **4.2. алинеја 5**, која се однесува на одолговлекување на судските постапки бидејќи ангажираните вештаци немаат пристап до документите во персоналните досиеја за вработените кои имаат поднесено тужба поради нивниот степен на класификација и дадените насоки од ревизијата да се преземат мерки за решавање на работните спорови со постапка за медијација или со доброволна исплата со цел намалување на адвокатските и извршните трошоци претставува **известување** за причините за настанатите состојби, а доставените докази и информации ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата како основ за утврдување на истите.

15. Забелешката на **точката 4.3.** која се однесува на опремата за санирање на штети предизвикани со поплавите во с. Стајковци во 2016 година, најголем дел предадена на чување и користење на Армијата претставува **известување** за идни активности кои ќе се преземат во насока на утврдување на институции кои ќе располагаат со пумпите за вода и генераторите.

16. Забелешката на **точката 4.4.** која се однесува на потребата Министерството за одбрана да воспостави меѓусебна координација и соработка со надлежни институции и преземање активности за регулирање на законскиот престој во државата на странските студенти во Воена академија претставува **известување** за активности кои се преземаат во насока на надминување на констатираната состојба.

17. Забелешката на **точката 4.6.** која е однесува на потребата Министерството за одбрана во соработка со Владата и Министерство за надворешни работи и надворешна трговија да преземе активности за обезбедување на имотно правна документација за купениот недвижен имот во седиштето во НАТО **не се прифаќа.** Министерството за одбрана достави договор за сервисни услуги (електрична енергија, гас, вода, одржување на хигиена) склучен помеѓу Делегација на Северна Македонија и НАТО и истиот не претставува имотно правна документација за купените недвижни ствари од Северно атланската алијанса.

18. Забелешката на **точката 9.1. алинеја 1** која се однесува на недостатоци во системот на внатрешни контроли дека Министерството за одбрана има недостаток на вработени лица на раководни позиции од значење за негово функционирање претставува **известување** на активности кои континуирано се преземаат за надминување на констатираната состојба.

19. Забелешката на **точката 9.1. алинеја 2** која се однесува на недостатоци во системот на внатрешни контроли дека по поднесување на завршна сметка за 2024 година, електронската база на податоци од сметководствената евиденција не е соодветно обезбедена од менување, односно истата не е заклучена и дека во текот на ревизијата се преземени мерки за нивно заклучување претставува **известување** за преземените активности кои се соодветно обелоденети во ревизорскиот извештај.

20. Забелешката на **точката 9.2.** која се однесува на воспоставениот систем на внатрешни контроли во процесот на пресметка и евиденција на платите во МО и Армијата претставува **известување** за планирани активности во насока на обезбедување на нов софтвер за изработка на плата со потпишување на договор за меѓу институционална соработка со Министерството за дигитална трансформација.

Забелешки на Нацрт извештајот на сметката на основен буџет (631)

1. Забелешката на **точката 3.1.1. алинеи 1 и 2** која се однесува на извршените услуги што Министерството за одбрана ги дава на одредени државни органи без склучени договори за регулирање на правата и обврските претставува **известување** за активности кои ќе се преземат за надминување на утврдените состојби.

**Забелешки на Нацрт извештајот на сметката на буџет од самофинансирачки активности** (787-15)

1. Забелешката на **точката 3.2.1**. која се однесува на приходите на ВМЦ за дадени медицински услуги наплатени во готово за кои не се врши редовна уплата на дневниот пазар, отсуство на дневни финансиски извештаи и нецелосно потврдена сметководствена документација претставува **известување** за преземани активности за надминување на утврдените состојби.

Забелешки на Нацрт извештајот на сметката на буџет од самофинансирачки активности (787-20)

1. Забелешката на **точката 3.1.1. алинеја 1** која се однесува на утврдените слабости во спроведување на пописот на залихите и **алинеја 2** во однос што Министерството за одбрана нема усвоени сметководствени политики за проценување на стоки на залиха, односно на намирниците за подготовка на храна (ФИФО принцип) и нема утврдено нормативи за подготовка на готови јадења, претставува **известување** за причините за нецелосно спроведен попис кои ревизијата ги имаше во предвид при утврдување на состојбата, како и за преземени мерки за надминување на состојбите. Доставена е Нацрт верзија на Норматив за изготвување на калкулации за цените на јадењата во угостителските објекти. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор а препораката соодветно прилагодена.

2. Забелешката на **точката 3.2.2. алинеја 2** која се однесува дека во Домот на Армијата не се води книга на дневни финансиски извештаи која треба да се води за секој деловен објект во кој се користат фискални апарати претставува **известување** за започнати активности за водење на дневни финансиски извештаи.

Забелешки од Славјанка Петровска, законски застапник на Министерство за одбрана за периодот предмет на ревизија

Забелешки на Нацрт извештајот на сметката на основен буџет (637)

1. Забелешката на **точката 4.1.** која се однесува на Нагласување на прашањето за начинот на давање на согласност, донесување, регистрација и објавување на новиот колективен договор на Министерството за одбрана **не се прифаќа**, од причина што не се доставени дополнителни докази за оспорување на утврдената состојба, а даденото образложение ревизијата го имаше во предвид во фазата на извршување на ревизијата.